„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

29 април 2022 година
број 165

СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

Година XV Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710
ISSN 1857-7660

NLB Banka

# И 2021 година со многу активности и позитивни резултати

На 31 март 2022 година Собранието одржа седница. Главна точка беше Годишниот извештај за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, за



Финансискиот извештај и Годишната сметка за 2021 година.

По Годишниот извештај за работата на СЗПМ кратко образложение даде претседателката на Извршниот одбор Станка Трајкова, која рече дека во годишниот извештај се содржани сите активности кои Сојузот ги оствари во текот на 2021 година, а содржани се дел и активности од здруженијата на пен-



зионерите кои доставија извештаи.

Во 2021 година беа создадени подобри услови за работа, бидејќи и ние пензионерите сме вакцинирани и заштитени од вирусот COVID 19 за разлика од претходната година.

Една од основните задачи на Сојузот заедно со здруженијата беше да се промени начинот на усогласување на пензиите, со цел пензиите да се усогласат и со дел од порастот на платите, како би се обезбедила подобра материјална и социјална сигурност на пензионерите.

Ова барање на Сојузот беше разгледано од страната на Владата на Република Северна Македонија и по одржани 2 средби со претставници од Владата и претставници од пензионери од Сојузот и здруженијата на пензионерите се прифати барањето за усогласување на пензиите со 50% од порастот на платите на сите вработени во државата и 50% од порастот на трошоците на живот.

Ова ново методолошко се утврди во Законот за измени и дополнување на ЗПИО објавен во Сл. весник на РСМ бр. 64 од март оваа година.

Покрај ова решение Владата донесе одлука и за еднократен додаток во висина од 1.000 денари за месеците март, април и мај 2022 година на секој корисник на пензија.

На пензионерите може да им се помогне и надвор од пензискиот систем и тоа преку социјално–хуманитарните активности со доделување на храна, парични средства и друго, преку Црвениот крст, потоа во доменот на здравственото осигурување преку ослободување од плаќање на партиципација за болничко лекување, да се намалат поштенските и банкарските трошоци за плаќање на пензионерите со ниски пензиски примања, како и за доставата на пензијата на домашна адреса, бањско лекување, автобуски превоз и друго. Исто така се бара нова позитивна листа за лекови која ќе содржи поквалитетни лекови согласно современите медицински достигнувања кои најмногу ги користат старите лица.

Претседателката Трајкова зборуваше и за успешно одржаните регионални и Републичката ревија на песни, музика и игри за кои Министерството за култура за нашиот проект одобри 120.000 денари како проект од национален интерес.

Во 2021 година се одржаа и спортските натпревари само во 5 дисциплини. За 2022 година се предвидува сите спортски дисциплини да се одржат, а да се изостават само шахот и тегнење јаже. За одржување на спортските дисциплини се врши усогласување со домаќините за датите на нивното одржување.

– Во врска со солидарниот фонд сакам да истакнам дека на крајот на 2021 година имаше неисплатена посмртна помош за околу 4.000 приматели, поради големата смртност на пензионерите. Имајќи ја предвид законската одредба дека висината на посмртната помош зависи од акумулираните средства и бројот на починати пензионери, Одборот на Регистрираната организација за солидарни средства и членарина со цел да се скрати времето на чекање донесе времена одлука висината на посмртната помош да изнесува 25.000 денари. Останатите 5.000 денари до 30.000 денари ќе се доплатат со исплатата на јулската пензија според редоследот на чекање. Од март ова година значително е намален бројот на починатите лица, па се оценува дека ќе се воспостави баланс помеѓу акумулираните средства и потребата за исплата на посмртната помош.

Треба да се напомне дека во изминатите години посмртната помош редовно се исплатуваше, за што се акумулираа и доволно средства од задршката на пензионерите за посмртната помош.

Потоа, претседателката се осврна на другите активности и рече дека започна да се емитува емисија за „Трета доба“ на Македонската телевизија, што е од особено значење за пензионерите. И оваа година се добија средства од Министерството за култура во износ од 125.000 денари за поддршка на одржувањето на Регионалните и Републичката ревија.

Пензионерските домови исто така се многу важно прашање за кое Сојузот и здруженијата на пензионери поднесоа барање до Министерството за труд и социјална политика и Владата на Република Северна Македонија, бидејќи домовите се изградени со средства на пензионерите и треба да бидат вратени на здруженијата во трајно користење со оценка дека, кои подобро ќе се грижат за истите.

По исцрпната дискусија на претседателката за збор се јавија повеќемина од присутните, а потоа извештајот едногласно беше усвоен.

Финансискиот извештај за остварените приходи и расходи на Сојузот, како и Годишната сметка за 2021 година по кратко образложение од секретарот на Сојузот Менка Темелковска, едногласно беа усвоени.

На седницата беа донесени Препораки за изборите за 2023/2027 година, за кои кусо образложение по препораките даде потпретседателот на Сојузот Ментор Коку, кој рече дека изборите се вршат на секои 4 години и истите треба да се спроведат до крајот на јануари 2023 година, заради предлагање на претставници за избор на членови во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

К. С. А.

## ВО ОВОЈ БРОЈ...

ИЗВЕШТАЈ ОД СЗПМ ЗА 2021 стр. 2
ДЕМАНТ ПО ПОВОД НАПИС ВО „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“ стр. 3
АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА стр. 4 и 5
ТРИБИНА стр. 7
ПЕНЗИОНЕРИТЕ СЕ ПОДГОТВУВААТ ЗА РЕВИИТЕ И СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ стр. 8

ЛИЧНА КАРТА НА ЗП БИТОЛА стр. 9
КУЛТУРА стр. 10
ПАНОРАМА стр. 11
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12

ИНТЕРВЈУ СО Д-Р НЕРХИМ ТУФЕКЧИОСКИ стр. 13
ЗАБАВА стр. 15
ПРЕГЛЕД НА 26-те РЕГИОНАЛНИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО 2022 ГОДИНА стр. 16

**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
19 мај
- Прилог за пензионери во „Коха“
27 мај
„Пензионер плус“

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

**НА СИТЕ СЕГАШНИ И ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ ИМ ГО ЧЕСТИТАМЕ 1. МАЈ - ДЕНОТ НА ТРУДОТ И ПРЕТСТОЈНИТЕ ПРАЗНИЦИ**
СЗПМ

# Акценти од Извештајот за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија за 2021 година

Приоритетна задача на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и во минатото и сега, како и во иднина е развојот и унапредувањето на Сојузот како највисок облик на пензионерско организирање, со постојано воведување нови содржини.

Во Извештајот за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2021 година се содржани поединечни и сеопфатни податоци и образложенија за остварување на функциите на Сојузот, за кои се дава анализа и кратко образложение, статистички податоци за бројот на корисниците на пензија и просечни пензии, финансиско работење на Сојузот како и критички осврт за сработеното со насока за унапредување на истите.

Работата на Сојузот во 2021 година се одвиваше во услови на пандемија предизвикана од вирусот ковид 19, во која година многу активности беа одложени, односно редуцирани, но сосема не изостанаа. Најважно, во 2021 година беше да бидеме одговорни, да се чуваме себеси и сите околу нас и да си помагаме едни на други. Таа солидарност и заемност се покажа и во 2021 година во која во фокус беа главно хуманитарните активности.

Во услови на пандемија, Сојузот храбро и со согласност на здруженијата на пензионерите ги одржаа Регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри и јубилејните 25-ти спортски регионални и републички натпревари, но имаше и други многубројни активности, иницијативи и проекти бидејќи едни активности беа заменети со други.

Во 2021 година, во Сојузот се изработија повеќе проекти кои секој месец беа објавени во весникот „Пензионер плус".

Во 2021 година Сојузот го следеше, пред сè, остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

За таа цел Сојузот следејќи ги економските движења и економските индикатори и нивното влијание врз животниот стандард на корисниците на пензија, ѝ предложи до Владата нова методологија за усогласување на пензиите. Согласно со законската регулатива пензиите се усогласуваат два пати во годината, од 1 јануари и од 1 јули, со порастот на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие во однос на полугодието кое претходи. По овој основ од 1 јануари 2021 година пензиите се усогласија за 1,2% и од 1 јули 2021 година исто така за 1,2% или вкупно во 2021 година пензиите се усогласија за 2,4%.

Согласно со Правилникот за учество во обезбедување финансиски средства на здруженијата на пензионерите, СЗПМ на здруженијата на пензионерите кои се домаќини на регионалните ревии на песни, музика и игри им додели по 40.000 денари на секое од нив или вкупно 320.000 денари, а за одржување на спортските натпревари на домаќините им беа доделени 40.000 денари или вкупно 280.000 денари.

За поддршка на помалите здруженија за изградба или адаптација на клубови на пензионери, за адаптација на работни простории, за одбележување значајни настани и отворање потстраница во страницата на Сојузот, беа доделени средства и тоа на ЗП Пехчево за отворање клуб, на ЗП Дојран за опремување на клубот.

Со цел поттикнување на издавачката дејност и творештвото, а заради исполнување на развојот и творештвото во третата животна доба, чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство, СЗПМ и ова година објави оглас за финансиска поддршка на издавачката дејност и творештво.

Сојузот даде поддршка на 17 автори, согласно со утврдените критериуми со Правилникот за таа цел.

Во 2021 година Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија продолжи со активности за институционално и вонинституционално сместување на корисниците на пензија, бидејќи бројот на барателите расте а не се градат нови државни домови, додека приватните домови се прескапи за пензионерите со просечни и пониски пензии.

Во изминатиот период од 1963 до 1990 година, значајно внимание се посветуваше на општествениот имот на корисниците на пензија, заради што континуирано се вложувани средства за изградба на објекти за задоволување на станбените потреби на корисниците на пензија. Од тие средства во Републиката се изградени 40 домови, а некои се пренамелети. Со дел од домовите стопанисуваат здруженијата на пензионери, а со дел Фондот на пензиското и инвалидското осигурување. Со цел во изградените домови да се создадат подобри услови за сместување на корисниците на пензија, како и за обезбедување услови за социјален и општествен живот на корисниците на пензија Сојузот на здруженијата на пензионерите и здруженијата на пензионери поднесоа барања до Владата на Република Северна Македонија и Министерството за труд и социјална политика за добивање во трајно користење на пензионерските објекти.

Барања за добивање на пензионерските објекти се доставени од здруженијата на пензионери од Чаир, Гази Баба, Ѓорче Петров, Гостивар, Охрид, Виница, Свети Николе и Прилеп.

Во 2021 година регионалните фолклорни ревии на песни, музика и игри за разлика од 2020 година, се одржаа во поопуштена атмосфера заради подобрување на состојбата со пандемијата.

И во оваа година Сојузот ги одржа осумте регионални ревии на песни, музика и игри и Републичката ревија на песни, музика и игри, по сите протоколи донесени од Владата и СЗПМ. Осумте ревии се одржаа со редуцирана содржина и редуциран број учесници на отворено. Министерството за култура и оваа година ги поддржа фолкорните пензионерски ревии на песни, музика и игри потенцирајќи дека пензионерите се верни чувари на културното богатство, традицијата и идентитетот на сите што живеат во нашата држава. Покровител на Републичката ревија беше тогашниот премиер на Владата Зоран Заев со што им направи чест на најстарите жители.

На ревиите имаше и други содржини од ризницата на нашиот богат национален фолклор.

Регионалните ревии беа можност да се сретнат претставници на пензионерите од повеќе здруженија и во специфични услови да излезат од своите домови и да ја остварат мисијата за зачувување на нашиот национален фолклор и традиција.

По завршувањето на фолклорните регионални ревии на песни, музика и игри се одржа 11 јубилејна Републичка фолклорна ревија на песни, музика и игри на 26.6.2021 година, во Скопје во ресторанот „Ритуал" во сала со отворен покрив.

И овој пат пензионерите се претставија со убави македонски, албански, влашки и ромски песни проследени од народни изворни инструменти, повеќето облечени во убави народни носии од своите региони.

За успешноста на ревиите посебно се ангажира Комисијата за културно-забавен живот, а учествуваше и во подготовките.

Во оваа година по повод 75 години од формирањето на пензионерското организирање, членовите на комисијата се вклучија во активностите околу регионалните поетски читања кои се одржаа во Прилеп и Радовиш.

Регионалните спортски натпревари во оваа година се одржаа и покрај потешкотиите и проблемите поврзани со пандемијата со почитување на сите протоколи за заштита на здравјето на учесниците. Натпреварите се одржаа во осум региони, на кои учествуваа 49 здруженија. Овие натпревари беа со поинаква содржина заради превентивна заштита од ковид 19, а спортистите се натпреваруваа само во пет дисциплини кои се најбезбедни за спортистите.

Во оваа година на 29-ти септември 2021 година се одржаа по 25-ти пат јубилејни републички спортски натпревари. Домаќин беше здружението на пензионери од Велес, а организатор на овие најмасовни активности беше Сојузот. Најуспешно здружение и севкупен победник оваа година беше ЗП Куманово кое постигна најдобри резултати.

На 20 септември – Денот на пензионерите, се одржа свечена седница по повод големиот пензионерски јубилеј 75 години од пензионерското организирање на која присуствуваа претседателот на Владата на РСМ Зоран Заев, министерката за труд и социјална политика Јагода Шахпаска и директорката на ФПИОСМ Билјана Јовановска, членови на Собранието и на Извршниот одбор на СЗПМ, претседатели на здруженијата на пензионерите, членки на Сојузот и други.

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија континуирано се грижи за подобро здравје, квалитетен и достоинствен живот на пензионерите во нашата земја и за нивно здраво стареење. За остварување на овие цели Сојузот и во 2021 година достави барање до Министерството за здравство за подобрување на здравствената заштита и здравственото осигурување на пензионерите од следните предлози:

– Ослободување на пензионерите од целосна партиципација за користење на здравствените услуги;

– Субвенционирање на трошоците за лекување на здравствените услуги во приватните здравствени установи со признавање на разликата на трошоците од цената во јавните до приватните здравствени институции;

– Нова позитивната листа на лекови со вклучување на поквалитетни лекови;

– Обезбедување на истовремено функционирање на теренски лекар и подвижна аптека во сите здравствени домови во РСМ;

– Со цел да се обезбеди нега на болен родител – член на семејството се поведе иницијатива за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување со создавање правен основ, децата да можат да користат боледување за нега на родител, најмногу до 30 дена;

– Да се зголеми капацитетот на геријатриски услуги;

– За проблемите со здравственото осигурување беше одржан состанок во просториите на Сојузот, на кој присуствуваше Министерот за здравство.

Во оваа година Координативното тело на активите на пензионерките во услови на пандемија беа на висина на својата задача преку активностите кои ги презедоа.

Исто така, активите на пензионерките соработуваа и со Црвениот крст и други хуманитарни здруженија.

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се грижи за подобрување на условите за живеење на пензионерите со цел создавање услови за подостоинствен живот и нивна социјална интеграција. За таа цел Сојузот ги поттикнува здруженијата на пензионери да отвораат нови клубови.

Во 2021 година Сојузот подготви Информација за резултатите од спроведената анкета на корисниците на пензија во која беа содржани и прашања за работата на Клубовите на пензионерите. Од анкетираните пензионери за работата на клубовите, околу 30% се изјаснија дека клубовите треба да бидат подобро опремени.

Во надлежност на Регистрираната организација е распределба односно доставување средства по основ на членарина и ажурирање на евиденцијата на членството. Регистрираната организација ја следи состојбата со исплатата на средствата за солидарен фонд за починати корисници на пензија, а административната работа ја врши Стручната служба на СЗПМ. Согласно со одлуката на сојузите, односно на Одборот на Регистрираната организација висината на посмртната помош изнесува 30.000 денари, а задршката за солидарен фонд – посмртна помош од 1 јануари 2021 година се зголеми од 120 на 130 денари поради зголемената смртност на пензионерите поврзана со состојбата со ковид пандемијата, беше донесена и времена одлука за зголемување на задршката за посмртна помош од 130 на 140 денари со важност од 1 мај 2021 година.

Регистрираната организација води евиденција за членството, според податоци добиени од Фондот. Во размената на податоците на 17.11.2021 година од страна на Фондот до Сојузот беше доставено ЦД со обработени податоци заклучно со 30.10.2021 година, опфаќајќи го целото портфолио на членството.

Со финансискиот план на Сојузот за 2021 година, за остварување на програмските цели утврдени со Програмата за работа за 2021 година, беше планирано финансиското работење да се оствари со вкупни приходи и расходи во износ од 9.580.000 денари.

Вкупните приходи во 2021 година се остварија во износ од 9.224.410 денари, што е приближно на планираните средства (96,29%), што се должи на редовната исплата на пензиите од страна на Фондот на ПИОСМ и редовно доставување на членарината, како и остварување средства од други извори. Расходите на Сојузот се остварени во износ од 8.019.978.

Во 2021 година, Сојузот посвети посебно внимание на информирањето со цел задоволување на барањата на корисниците на пензија заради нивно информирање за постигнатите резултати и тековните активности на Сојузот и на здруженијата.

Во весникот „Пензионер плус", кој излегуваше редовно секој месец и во оваа година беа соодветно покриени сите настани во Сојузот и здруженијата. Содржините беа информативни, едукативни, творечки и забавни најчесто поврзани со активниот ангажман на сите здруженија, како на ниво на здружение така и на ниво на поединци. Весникот „Пензионер плус" излегуваше во тираж од 6 000 примероци, а одѕивот за содржините е позитивен.

Редовно излегуваа написи и во весникот на албански јазик „КОХА".

Информирањето на пензионерите и јавноста во земјата, но и надвор од границите на Република Македонија, беше и преку Web-страницата на СЗПМ. Во оваа година на Web-страницата беа поместени и десетина здруженија со поддршка на Сојузот и сега има вкупно 45 здруженија со потстраници. Новина беше објавување на неколку видеа од значајни настани.

Во 2021 година редовно работеше слободната линија „Ало пензионерски прашања".

Во 2021 година активноста на здруженијата на пензионерите – членки на Сојузот главно беше насочена во реализација на хуманитарни активности, учество на регионалните ревии на песни, музика и игри, како и учество на спортските натпревари, реновирање работни простории, клубови на пензионери и пензионерски соби, помагање во снабдување со огревно дрво на пензионерите и друго.

**Хуманитарни активности**

Доделување хуманитарни пакети или парични средства на корисници со ниски пензиски примања изврши-ја: ЗП Прилеп, ЗП Велес, ЗП Куманово, ЗП Битола, ЗП Гази Баба, ЗП Тетово, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Чаир, ЗП Охрид и Дебрца, ЗП Сарај, ЗП Демир Хисар, ЗП Дојран, ЗП Крушево, ЗП Свети Николе, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Валандово, ЗП Центар, ЗП Делчево, ЗП Гевгелија, ЗП Солидарност – Аеродром и други.

**Капитални инвестиции**

Отворање или реновирање на клубовите на пензионери и деловни простории извршија, и тоа: ЗП Пехчево, ЗП Гевгелија, ЗП Битола, ЗП Дојран, ЗП Кичево, ЗП Валандово, ЗП Велес, ЗП Кисела Вода, ЗП Чаир, ЗП Тетово и други.

**Набавка на огревно дрво**

Посебно се издвојуваат активностите за помагање во набавката на огревно дрво за пензионери која активност е длабоко хумана. Во 2021 година активности за набавка на огревно дрво беа преземени од здруженијата на пензионери Битола, Пробиштип, Македонска Каменица, Охрид, Кичево, Гостивар и други.

**Социјална пензионерска карта**

Во 2021 година во ЗП Битола, Валандово, Македонска Каменица, Пробиштип во тек е изготвување на Социјална пензионерска карта, со што ќе се обезбедат податоци за корисниците на пензија за нивниот статус и материјална положба.

**Волонтерска работа**

Со исклучителна волонтерска активност се истакна ЗП Лозово со помагање на пензионерите околу плаќање на сметки, набавка на лекови и поправка на домаќинските апарати, одржување разни трибини и соработка со други здруженија, додека ЗП Аеродром во 2021 година како едно од најголемите скопски здруженија посебно се ангажираше преку Активот на пензионерки со посета на болни пензионери и доделување храна, топли пијалаци во домот на пензионерите.

**КОНСТАТАЦИИ И ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Активностите во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во 2021 година се одвиваа во порелаксирани услови на постоење на пандемијата ковид 19 во однос на 2020 година.

2. Во 2021 година Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се ангажираше активностите во Сојузот и здруженијата на пензионери да се одвиваат соодветно на условите од пандемијата покажувајќи одговорен однос на дејствување.

3. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, постојано ги следеше економските движења кои имаа влијание врз висината на пензиите и даде предлози до надлежните органи за промена на формулата за усогласување на пензиите, со цел да се подобри материјалната положба на корисниците на пензија.

4. Во 2021 година Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија имаше значајна активност за отстапување на пензионерските објекти во трајно користење од Владата на РСМ на здруженијата, со цел за подобри услови за работа на членството и нивно подобро тековно одржување.

5. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како вршител на административните работи на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина и во 2021 година постојано врши уточнување на податоците за членството заради правилно доставување на членарината на здруженијата.

6. Во 2022 година Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе продолжи да ги извршува сите активности утврдени со Статутот и другите акти во соработка со здруженијата на пензионери и државните органи.

Скопје, март 2022 година

К.С.А.

# Работна средба во СЗПМ со министерката Јованка Тренчевска

На покана на претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се одржа работна средба со министерката (за труд и социјална политика) Јованка Тренчевска.

Изразувајќи големо задоволство што министерката Тренчевска ја прифати поканата да се сретне со пензионерите и да ги слушне директно нивните проблеми и барања, претседателката Трајкова меѓу другото истакна:

– Најнапред Ви благодарам што и покрај големиот број обврски издвоивте време да се сретнете со нас. Би сакале да зборуваме за сè, за сите наши активности и проблеми, но денеска ќе ги издвојам следните прашања.

Како прво, би сакала да ја изразам благодарноста во името на 280 000 пензионери за Вашата поддршка да биде усвоен нашиот предлог за новата методологија за покачување на пензиите од септември 2022 година, како и за исплатата на секој корисник на пензија по 1.000 денари во месеците март, април и мај.

На работната средба главна тема беше социјалното домување (пензионерски старски и приватни старски домови, социјални сервиси) со акцент дека има дефицит од изградба на државни старски домови кои би одговарале на пензионери со пониски пензии, потоа барањето на Сојузот да има субвенционирање во цената за сместување во приватните домови како и неопходната потреба од геријатриски објекти за сместување на старите лица. Беше разгледано и прашањето за отстапување на пензиските објекти на здруженијата на пензионерите, објекти кои се изградени со средства на пензионерите и од придонесот во висина од 4% издвојувани во период од 1963 до 1993 година, како и одговорите што по ова прашање од МТСП и од ФПИОМ ги имаат добиено здруженијата на пензионерите.




Значајно прашање на кое се посвети внимание беше и солидарниот фонд – посмртна помош и членарина по кое министерката недвосмислено се произнесе дека тоа се лични средства на пензионерите и за нив одлучуваат само пензионерите и доброволното вклучување во овој фонд опфаќа истовремено издвојување средства од пензионерот за посмртна помош и членарина. Таа потенцира дека здруженијата на пензионери и Сојузот се граѓански субјекти кои имаат значајна улога во подобрување на животот на пензионерите.

Во оваа прилика беше истакното дека моментално во Сојузот се работи на подготвување и на предлози во врска со претстојните измени и дополнувања на Законот за здруженија и фондации.

**Значајно е да се каже дека на оваа работна средба министерката истакна дека за сите прашања и евентуални измени на законската регулатива која се однесува на пензионерите ќе се решава заедно со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во кој членуваат 53 здруженија.**

На средбата говореше и м–р Илија Адамоски, претседател на Собранието на СЗПМ, кој главно зборуваше за солидарноста и заемноста на пензионерите во функционирањето на солидарниот фонд за посмртна помош и членарина.

Министерката им ги честиташе престојните празници, Велигден и Бајрам, на сите пензионери посакувајќи им добро здравје.

По средбата на прес–конференција министерката Тренчевска и претседателката Трајкова зборуваа за содржината на оваа прва средба.

**СЗПМ**

# Препораки за избори во Здруженијата и СЗПМ

Заради преземање активности за успешно спроведување на изборите на здруженијата на пензионерите и Сојузот, на предлог на Извршниот одбор, Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на седницата одржана на 31.3.2022 година ги донесе следните:

**ПРЕПОРАКИ**
**ЗА ИЗБОРИТЕ ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ И СОЈУЗОТ**

1. Изборите на органите во Сојузот и здруженијата се спроведуваат на секои 4 години, без да се продолжува траењето на мандатите, ниту за таа цел да се менуваат статутите на СЗПМ и здруженијата на пензионерите.

2. Последните избори на органите на Сојузот беа спроведени на 29.3.2019 година.

3.Изборите во здруженијата на пензионерите да се одржат заклучно со јануари 2023 година, заради предлагање претставници за избор на членови во Собранието на СЗПМ кои мандати на конститутивната седница треба да бидат верифицирани.

4.Со верификација на мандатот, членот на Собранието се стекнува со права и должности да бира и да биде избран во органите и телата на Сојузот и активно да учествува во нив, да ги извршува одлуките на Сојузот, да дава иницијативи, предлози и сугестии за решавање на одредени прашања и проблеми од интерес на пензионерите.

5. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и нејзините членки како невладини, непартиски и независни асоцијации изборните активности треба да ги спроведуваат без партиски и друг вид притисоци и влијанија.

6. Претставници од здруженијата на пензионерите се бираат од Собранието на здружението не само по функција туку и од останатите членови на здружението заради исполнување на пошироко делегатско учество во работата на Собранието на Сојузот.

7. При наредните избори во здруженијата и Сојузот особено внимание и сметка би требало да се води за половата и националната застапеност.

8. За изборната седница на Собранието се води записник кој ги содржи сите податоци за текот на седницата, за усвоените извештаи, заклучоци и резултати од изборите на здруженијата и Сојузот.

9. Записникот со материјалите од дневниот ред се чуваат во архивата и имаат траен карактер согласно на прописите за архивирање.

10. За извршените избори на органите на управување потребно е здруженијата писмено да го известат Сојузот преку доставување соодветни материјали и акти за благовремено спроведување на изборите во СЗПМ.

Скопје, март 2022 година, Собрание на СЗПМ

**м-р Илија Адамоски**
**Претседател на Собрание на СЗПМ**

# ДЕМАНТ

**ЗП Гази Баба - Скопје по повод написот во весникот „Слободен печат“ од 15.4.2022 година, под наслов „Индонезиска фирма им земала отпечатоци и ги сликала лажејќи ги со ваучери“, ги демантира изјавите на господинот Илија Николовски, претседател на Партијата на пензионери и пратеник во Собранието на РСМ, и тоа:**

**1. Ја демантираме изјавата на претседателот на Партијата на пензионерите господинот Илија Николовски, дека сакал да им помогне на постарите лица погодени од минатогодишните пожари во западна Македонија. Во случајот се работи за измамени пензионери од срцето на Македонија, од Скопје, од опожарените делови.**

**2. Во исказот дека неговата партија не стои зад сето ова демантираме и изјавуваме дека управникот на Домот е член на таа партија, тој лично ги спроведуваше тие дејствија под нечиј налог и се прашуваме зошто господинот претседател на Партијата на пензионери Илија Николовски кој уште пред неколку месеци беше запознат со случајот, не презеде ништо во заштита на тие измамени стари лица.**

**3. Најостро ја демантираме изјавата на господинот претседател на Партијата на пензионерите Илија Николовски дека нашето Здружение имало трка за претседателски избори. Тоа е една голема лага од еден пратеник кој треба да ги штити интересите на пензионерите, изборите во сите здруженија се во 2023 година.**

**4. Во прилог на нашите тврдења дека зад тоа стои Партијатата на пензионерите ви доставуваме на увид „ИЗЈАВА ОД ПАРИТАЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИ“ на која се гледа потпис на една од многумината која е измамена, а не знаеме колкумина биле измамени.**

Претседател на здружението
Ѓорѓе Андонов



ПП ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ

ИЗЈАВА

Согласно член 1. Став 1. Од Законот за измени и дополнувања на Законот за политичките партии („Службен весник на РМ“ број 5/2008),

Јас Деза Горѓиева со ЕМБГ 0804954455108 адреса на живеење Ташко Караџа 26 од град Скопје и бр. на лична карта А 2536259 издадена од МВР – СВР Скопје подморална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека сум основач само на Партијата на пензионери (ПП) од град Скопје и изјавата ја давам за усогласување – пререгистрација на политичката партија, согласно член 11. Од Законот за политички партии („Службен весник на РМ“ бр.76/2004).

Град Скопје
Дата
Тел. 070/367 043

Изјавувач:
Горгиева Деза
(Име и презиме)
Г. Деза (Потпис)



Јас, НОТАР Дарко Стојкоски
за подрачјата на Основните Судови на Град Скопје

Потврдувам дека ова е препис на изворната исправа Изјава број узп бр. 1109/2021 од 28.01.2021 издаден од Нотар Дарко Стојкоски.

Напишан е со други механички средства (фотокопија) , кој има 2 страници.

Изворната исправа ја донесе со себе Горгиева Деза ул. Ташко Караџа бр. 26, Скопје .

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 6 од Законот за судски такси во износ од 50 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100 денари.

Број УЗП 6786/2022

Во Скопје 20.04.2022

НОТАР
Дарко Стојкоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР ДАРКО СТОЈКОСКИ СКОПЈЕ

# 2022 година на руралниот пензионер

Во здруженијата на пензионери членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија има и голем број на пензионери кои живеат во рурални средини.

Животот на овие луѓе покрај добрите страни содржи и проблеми. Во овие средини нема продавници, патишта кои ги поврзуваат со градовите, а во зимските месеци заради снегот се отсечени од градот. Особен проблем за сите нив е немање во голем број села лекар и аптека. Во некои села има, а во некои села лекар доаѓа еднаш или двапати во неделата или нема аптека, па за лекови мораат да одат во град. Некои велат дека тоа не е доволно и треба да има подвижни амбуланти во кои пензионерите ќе добијат услуги од примарното здравство. Ваквите амбуланти ќе придонесат и за развиток на руралниот туризам со кој животот на пензионерите и на другите жители ќе биде поубав, а ќе донесе бенефит и за општините и државата во целост.




Овие проблеми ги знае Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и преку здруженијата на пензионери, а особено на Активите на пензионерки, се труди грижата за пензионерите во руралните средини, да ја подигне на повисоко ниво. За волја на вистината по повод разни празници и според нивните Програми, се посетуваат овие пензионери, а особено болните и изнемоштени. Им се носат подароци, пакети со храна и друго, со цел да им покажат дека не се заборавени, но тоа да биде почесто.

Заради подобрување на животот на руралните пензионери и заради подигање на свеста за решавање на нивните проблеми кај секој поединец, кај институциите, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и други, според предлог на Координативното тело на Активи на пензионерки при здруженија членки на Сојузот, 2022 година е прогласена за ГОДИНА НА РУРАЛЕН ПЕНЗИОНЕР за што е изготвен и постер кој ќе биде дистрибуиран по здруженијата и нивните ограноци да ги потсетуваат и да се грижат за пензионерите во руралните средини. На 20 септември 2022 година Денот на пензионерите ќе бидат избрани три здруженија на пензионери кои имале најмногу посети и доделена помош на рурални пензионери од нивното здружение.

**К.С.А.**

ЗП Демир Хисар

# Извештајна седница

Собранието на ЗП Демир Хисар, на 1.4.2022 година ја одржа 4–та редовна седница на која присуствуваа 17 делегати на Здружението, членови на Надзорниот одбор и делегатот во СЗПМ. На истата беа разгледани и усвоени повеќе точки, меѓу кои и Извештајот за работа во 2021 година и Завршната сметка за 2021 година.

Претседателот Кирило Блажевски, во воведниот збор ја истакна успешноста во работењето на Здружението и во услови на пандемија, притоа наведувајќи повеќе значајни реализирани проекти, ставајќи акцент на социјално–хуманитарната активност, на културно–уметничките и спортско–рекреативните активности и на здравствената заштита.

– И покрај пандемијата и тоа што се работеше во поинакви услови, активностите беа намалени, сепак се организира најнеопходните за пензионерите, а на прво место беше прашањето како да се заштитиме како возрасни граѓани, а воедно и да работиме на задачи кои по своето значење се во интерес на сите, – истакна Блажевски.

Во фокусот на расправата беше разгледувањето на Завршната сметка за 2021година, која ја образложи претседателот на НО Пере Петревски кој презентира хируршки прецизни податоци и детални појаснувања за секој потрошен денар.

Секретарот Борис Најдовски, во своето излагање појасни дека Здружението функционира согласно со Статутот, актите и правилниците, а подетално се задржа и на успесите постигнати во сите области на работењето, а секако во доменот на неговите ингеренции.

Седницата помина во конструктивна расправа по точките на дневниот ред и едногласно беше заклучено дека Здружението на пензионерите во сите области покажува подем во квалитетот на работата и постигнува забележителни успеси. Посебно беше истакнато дека со домаќинско работење и рационално и наменско трошење на средствата сите програмски задачи навреме и во целост се реализираат.

**Зоран Стевановски**

ЗП Кисела Вода

# Да започнат подготовки за активностите

На 23.3.2022 година, Собранието на ЗП Кисела Вода го одржа првиот состанок во оваа година. Истиот го водеше претседателот Спасе Илиев, кој ги поздрави присутните и ја отвори дискусијата за работата на здружението во 2021 година и планираните активности за 2022. Во дискусијата зедоа учество повеќе членови кои истакнаа дека 2021 година измина во знакот на пандемијата, која ги намали активностите на пензионерите. Сепак континуитет во работењето постоеше, што се гледа од успешното учество на здружението во спортските пензионерски игри, на ревијата на песни, музика и игри, учеството во емисијата „Везилка“ на ТВ Алфа, хуманитарните активности, доделување социјална помош на пензионерски семејства со ниски примања и др.



Дека 2021 година е успешно завршена се гледа и од извештајот на Надзорниот одбор. Во него е детално анализирано работењето на органите и телата на здружението кое е оценето како успешно. Нагласено е дека нема пропусти во финансиската и другата документација како и во анализата за приходите и расходите.

Во дискусијата за активностите за 2022 година, значајна беше таа на Момчило Петровиќ, претседателот на здружението. Тој истакна дека со подобрување на здравствената состојба во земјата потребно е клубовите постепено да се отворат, комисиите да ги организираат тренинзите на членовите–пензионери за спортските игри, да се одберат пензионери талентирани за музика – за ревиите, да се осмислат и организираат екскурзии и прослави, односно да се организира друштвениот живот на пензионерите.

По работниот на дел на Собранието, претседателот Момчило Петровиќподели дипломи, по предлог на ограноците, за успешно работење на членови – пензионери и постигнати добри резултати во текот на 2021 година.

**Василка Топаловска**

ЗП Кратово

# Одржана седница на Собранието

Со присуство на членовите на Надзорниот одбор петтата седница на Собранието на Здружението на пензионерите Кратово се одржа 29.3.2022 година.



На истата беа донесени повеќе одлуки и беа разгледани и усвоени: Извештајот за работа на Собранието, Извршниот одбор, Комисијата за спорт и рекреација, Комисијата за култура и ревии, Надзорниот одбор и Стручната служба на Здружението на Општина Кратово. Се поднесе и финансов извештај од страна на овластениот книговодител на ЗП Кратово Сунчица Тодосовска и беше усвоена Годишната сметка за 2021 година. Се донесе и одлука за реновирање на тоалетите поради застарена водоводна и канализациона мрежа.

На седницата беше усвоена и Програмата за работа на Здружението на пензионери на Кратово и неговите органи и тела за 2022 година. Беше донесен и календарот за спорт и рекреација како и за ревиите за 2022 година. Исто така, беше усвоен и финансискиот план за 2022 година.

Седницата се заокружи со повеќе иницијативи меѓу кои и поставување огласни табли на разни локации во градот од страна на локалната самоуправа, како и изнаоѓање простор за дружење на пензионерите кој ќе биде лесно достапен за сите категории пензионери.

На седницата за член на Собранието на СЗПМ беше избран претседателот на ЗП Кратово Страшко Трајковски на местото на досегашниот член кој е починат.

**Методи Мишевски**

ЗП Гази Баба

# Усвоени Годишната сметка за 2021 и Годишниот извештај на Надзорниот одбор

На последната седница на Извршниот одбор на ЗП Гази Баба, која се одржа минатиот месец, со физичко присуство на членовите, при што беа почитувани препораките за заштита од пандемијата ковид–19, беа донесени значителни одлуки и препораки. Извршниот одбор ги разгледа Годишната сметка за 2021 година и Годишниот извештај на Надзорниот одбор, за кои членовите позитивно се изјаснија, а по истите како предлог од ИО расправаа и делегатите на Собранието. Посебно се дискутираше за работата и активностите што беа реализирани во текот на годината, посебно на Комисијата за здравство која имаше најмногу работа околу доделување на средства за болни од ковид–19 и Активот на пензионерки. Беше речено, дека е направено доста, во услови колку што дозволуваат мерките што беа спроведени против пандемијата.



Истиот ден се одржа и седница на Собранието. По разгледувањето и усвојувањето на записникот од претходната седница, се премина на утврдување на дневниот ред. По предлог на Извршниот одбор беа разгледани и усвоени Годишната сметка за 2021 година и Годишниот извештај на Надзорниот одбор со образложение на Стојна Тодоровска, администратор–сметководител во Здружението. Таа нагласи дека во документите се прикажани приходите и расходите и тие даваат реален преглед на остварените приходи и домаќинското трошење на средствата. На седницата Собранието ја разгледа и прифати Годишната сметка за остварените приходи и расходи за периодот од 1.1.2021 до 31.12. 2021 година. Вкупните приходи се 4.547.230 денари, додека вкупните расходи изнесуваат 3.458.160 денари. Беше констатирано дека Здружението активностите ги спроведувало согласно со Статутот и својата програма за работа.

Во фокусот на расправата беше и Извештајот на Надзорниот одбор за годишното работење на Здружението. Нормално, интересот беше насочен кон реализација и користењето на финансиските средства. Надзорниот одбор констатира дека приходите се во рамките и според предвидувањата на годишниот финансов план и програма за 2021 година, што значи дека домаќински и плански се работело.

На крајот беше заклучено дека сè што било планирано со програмата успешно е реализирано и тоа со позитивен резултат, а со таквиот успех треба да се гордеат сите, бидејќи тоа е заслуга на секој член на Здружението.

**Васил Пачемски**

ЗП Кичево

# Донесена одлука за усвојување на завршната сметка за 2021 година

Деновиве со примена на заштитни мерки, се одржа годишното собрание на ЗП Кичево.

Собранието го отвори претседателот на Собранието Мехмед Мехмеди, кој на почетокот ги поздрави делега-



тите на Собранието, делегатот на Собранието на СЗПМ Бобе Угриноски, како и членовите на Надзорниот одбор и Статутарната комисија. По усвојувањето на дневниот ред уводно излагање имаше претседателот на Извршниот одбор Душан Ристоски, кој најнапред се осврна на потешкотиите во работењето во текот на 2021 година во услови на пандемија, но напомна дека раководството во Здружението за цело време работеше и беше во контакт со пензионерите од градот и пошироката околина.

Претседателот напомна дека иако со ограничување, здружението зеде учество на Регионалните средби на песни, музика и игри во Струга, а беше и домаќин на регионалните спортски натпревари. Раководството на ЗП Кичево будно го следеше редовното снабдување на пензионерите со огревно дрво, со голема помош и на претседателката на Сојузот преку контакти и личен авторитет со раководството на Национални шуми на Македонија.

Потоа делегатите на Собранието расправаа по извештајот за приходите и расходите на Здружението за тековната 2021 година и беше донесена одлука за усвојување на завршната сметка за 2021 година со констатација за позитивното работење на здружението и остварена добивка во износ од 964.906 денари, кои средства ќе бидат пренаменети како приход за 2022 година.

На крајот делегатите едногласно ја усвоија и Програмата за работа во 2022 година како и финансискиот план за работа во 2022 година.

**А. Ристоска**

ЗП Охрид и Дебрца

# Според извештаите за работа 2021 година завршила успешно

Во големата сала на Општина Охрид со почитување на сите актуелни мерки и протоколи донесени од Владата на РСМ за ковид–19, на 26.3.2022 година се одржа седмата отчетна седница на Собранието на ЗП Охрид и Дебрца.



Како гости беа поканети и учествуваа Станка Трајкова, претседател на СЗПМ и Ментор Коку, потпретседател на ИО во СЗПМ.

Седницата на Собранието ја свика и ја водеше претседателот д–р Димитар Спасевски. На дневен ред беа разгледани Предлог–извештајот за работа и за финансисиско–материјалното работење за 2021 година на ЗП Охрид и Дебрца и на Клубот на пензионери во Охрид. Во расправата учествуваа повеќе членови на Собранието а и од другите присутни, кои ги поддржаа спроведените активности и постигнатите резултати во 2021 година во здружението и Клубот. Како известувачи по извештаите учествуваа Ѓорѓи Трпчески, претседател на Извршниот одбор и на здружението и Димитрија Стојкоски – Лепи кои дадоа дополнително објаснување по истите.

По завршената расправа членовите на Собранието донесоа одлуки со кои се усвои Извештајот за работа и за финансиско–материјалното работење за 2021 година во здружението и Клубот. Во дискусијата учествуваше и Станка Трајкова, претседателка на СЗПМ која искажа позитивна оценка за работењето во 2021 година на здружението во услови на пандемијата од ковид–19 и истакна дека треба да се работи заедно и во интерес за пензионерите и оти покрај активностите за учество на ревиите на песни, музика игри и спортските натпревари треба да се воведат и други дејности за пензионерите. Исто така, ги запозна и даде објаснување за постигнатото усогласување на пензиите кое е објавено на 18.3.2022 година, во Службен весник на РСМ. Се осврна и даде потребно објаснување за актуелната состојба со солидарниот фонд и проблемот со исплатата на посмртната помош. Претседателката Трајкова рече дека има заложба да се даде предлог до Владата а во вонредни услови како што е сега ковид–19, потребните средства за солидарниот фонд да се дополнат и обезбедат од буџетот на државата. Таа ги запозна присутните дека од 19.3.2022 година, на МРТ 1 е започнато со емитување на посебна телевизиска емисија под наслов „Трета доба“, каде што ќе се обработуваат актуелни теми од интерес за пензионерите, а одговораше и на поставени прашања од присутните.

На седницата претседателот на Собранието д–р Димитар Спасески на Нелоски Богоја, претседател на месниот огранок „Поранешна мешеишка општина“, му предаде Пофалница за најдобар месен огранок за 2021 година, во ЗП Охрид и Дебрца

**Димитрија Стојкоски - Лепи**

ЗП Крушево

# Усвоени документи за работа за 2021 год.

Собранието на Здружението на пензионерите од Крушево на отчетната седница одржанана ден 23.3.2022 година, расправаше по Предлог–извештајот за работа на Здружението во 2021 година, за Предлог–извештајот за материјално–финансиското работење во 2021 година, и по Предлог–извештајот на Надзорниот одбор за извршената финансиска контрола над материјално–финансиското работење на Здружението и неговите органи и тела во 2021 година.

Претседавачот на Собранието Милорад Трпчески покрај усвојувањето



на дневниот ред, со едноминутно молчење со присутните им оддаде почит на починатите пензионери за време на извештајниов период.

Претседателот на Здружението Никола Атанасоски ги поздрави присутните на ова отчетно Собрание, и тоа: Станка Трајкова, претседател на СЗПМ, Ментор Ќоку, потпреседател на ИО при СЗПМ, Милорад Трпоски, претседател на збратименото здружение од Струга со соработниците, Гога Трпоски, претседател на здружението од Ресен, претседавачот на Советот на Општина Крушево Андреј Николоски, членовите на Собранието и присутните, и им посака успешна работа, многу здравје и долг живот.

Собранието работеше со почитување на протоколите за заштита од ковид пандемијата.

Претседател на Комисијата за култура образложи дека и покрај пандемијата и намалените можности, ЗП Крушево учествуваше на Регионалната ревија на песни, музика и игри во Прилеп и на поетската манифестација 100 години од раѓањето на македонскиот великан Блаже Конески. Претседателот на Комисијата за спорт и рекреација рече дека здружението успеа да учествува на Регионалните пензионерски спортски игри каде освои две први места и на Републичките спортски игри каде што освои едно второ и едно шесто место, а исто така и организираше по сите протоколи еднодневна екскурзија на релација Крушево – манастир Свети Наум. Собранието едногласно го усвои Извештајот за работата на Здружението во 2021 година.

Секретарот на Здружението Димче Трајкоски истакна дека во Финансискиот извештај е извршено анализирање на остварените финансиски резултати во 2021 година, споредени со планираните и остварените во минатата година. Во Извештајот на Надзорниот одбор е утврдено дека реално и аналитички се прикажани остварените приходи и направените расходи, а како резултат на доброто и домаќинско работење. Здружението остварило вишок на приходи во износ од 368.582,00 денари, а има и околу 700.000,00 денари на жиро–сметката и има сопствена зграда, клуб на пензионери и сл. Беа усвоени и извештаите за материјално–финансиското работење на Здружението во 2021 година со заклучок вишокот на приходи да се распореди како приход за 2022 година, а средствата да се искористат наменски за смена на дрвената дограма во салата на пензионерскиот дом во Крушево со ПВЦ–дограма.

На седницата Станка Трајкова, претседател на СЗПМ ги поздрави присутните и им посака плодна и успешна работа. Претседателката посебно го нагласи квалитетот на изработените материјали за ова Собрание, при што констатира дека истите се доста солидни, содржајни и аналитички ја отсликуваат работата на Здружението. Исто така претседателката се осврна и на постигнатиот договор со Владата на државава за законско усогласување на пензиите и тоа со 50 проценти од порастот на трошоците за живот и 50 проценти од порастот на просечната плата во државава. Таа одговараше и на повеќе прашања поврзани со работата на Сојузот.

Претседателката Станка Трајкова на ЗП Крушево во знак на соработка и особен придонес во развојот на пензионерското организирање му додели признание.

Многу здравје и долг живот на сите пензионери им посакаа претседателот на збратименото здружение од Струга Милодад Трпоски и претседателот на здружението Гога Трпоски од Ресен, а претседавачот на Советот на Општина Крушево Андеј Николоски се заложи за понатамошна успешна и плодна соработка.

**Димче Трајкоски**

ЗП Струга

# Плодна извештајна седница на Собранието

Со реализирање на планираната годишна програма, на 26 март 2022 година, Собранието при ЗП Струга, ја одржа редовната отчетна седница во проширен состав. Седницата започна со оддавање почит на починатите членови на здружението во изминатиот период, а ја отвори и ја раководеше претседателот на ИО и ЗП Струга Милорад Трпоски. Делегатите работеа според протоколите за заштита од ковид 19.

На седницата покрај делегатите беа присутни и претседателите на десетте месни ограноци, претседателот на Надзорниот одбор Благоја Климоски, претседателката на Статутарната комисија Фикрие Бектеши, членовите и претседателите на комисиите при ЗП Струга, делегатот во Собранието на ИО на СЗПМ, Даути Хурем и Шпреса Хоџа, член на комисијата за информирање и издавачка дејност при СЗПМ.

На годишното Собрание присуствуваше и делегација од збратименото ЗП Крушево.

На седницата на дневен ред беа поставени дванаесет точки и тоа: Извештаите за работа на телата и комисиите, Извештајот на Надзорниот одбор, Извештајот за материјално–финансиско работење за 2021 година и усвојување на годишната сметка, како и програмите за работа. За извештаите и предлог–програмата, воведно излагање имаше претседателот Милорад Трпоски, кој меѓу другото истакна дека минатата година беше доста тешка за работа во услови на пандемија, но сепак здружението ја реализира планираната програма и постигна добри резултати.



Делегатите дискутираа за соработката со месните ограноци како основни клетки на пензионерското организирање. Посебен акцент и беше дадено на овогодишната програма на ЗП Струга. Најголем интерес кај делегатите привлече единаесеттата точка од дневниот ред, предлог–одлука за измена и дополнување на Статутот на ЗП Струга, за усогласување со Статутот на СЗПМ, односно претседател на здружението да се избира на секои четири години. Извештајот за измените и дополнувањата го поднесе претседателката на Комисијатаза статут и правни работи Фикрие Бектеши.

По дискусиите, документите за 2021 година беа едногласно усвоени. Делегатите расправаа и за Програмата за работа на здружението за 2022 година и финансискиот план за истата, кои се слични на минатогодишната, со мали измени и истите беа усвоени. Во завршниот дел секретарот на здружението Изеир Мустафаи им се заблагодари на делегатите кои дојдоа на седницата, пожелувајќи им добро здравје.

**Стојан Кукунешоски**

ЗП Солидарност – Аеродром – Скопје

# Верифицирани резултатите на здружението за 2021 година

Собранието на Здружението на пензионери Солидарност – Аеродром, ја одржа својата седма седница на 08.04.2022 година за мандатниот период 2019 – 2022 година. Со седницата претседаваше претседателот на Собранието на Здружението Тодор Тодоровски, а на седницата беа присутни, претседателот на Здружението и претседател на Извршниот одбор Димитрија Богатиноски, секретарот на Здружението Никола Маркоски и претседателот на Надзорниот одбор Зоран Тевчев. Согласно усвоената Програма за соработка помеѓу двете здруженија, присуствуваа и гости од збратименото Здружение на ЗП Охрид и Дебрца, и тоа: Димитар Спасевски – претседател на Собранието, Живко Наумовски – заменик претседател на Извршниот одбор и Стефан Владимиров – секретар на Здружението.



На седницата по дискусиите од дневниот ред, Собранието донесе значајни одлуки за функционирање на Здружението односно беа усвоени: Извештајот за работата на органите и телата на Здружението за 2021 година, Прегледот на планирани и остварени финансиски средства за период 01.01. до 31. 12.2021 година, со Извештајот на Надзорниот одбор и Годишната сметка за 2021 година, по што истите беа усвоени. При нивното усвојување, Собранието ги имаше во предвид утврдените со заклучоците и одлуките на овие значајни документи од страна на Извршниот одбор на одржаната 27–ма седница на 30.11. 2021 година, како и предлозите, мислењата и забелешките од страна на одборите на 5–те свои ограноци, кои претходно ги разгледаа на своите состаноци. Исто така, на оваа седница членовите на Собранието беа информирани за реализацијата и купувањето на деловен простор за работа на огранокот „Вардар“ во трговскиот центар „Скопјанка“ за кој ќе следи негово реновирање, опремување со инвентар и адаптирање на потребите на овој огранок.

Заедничка констатација беше дека благодарение на севкупниот капацитет и ангажирани лица во Здружението, добрата организација и домаќинско работење на органите и телата на Здружението, преку секогаш навременото, организирано и квалитетно дејствување и работа на стручната служба и работата на ограноците, која константно бележи солидни резултати и дека Програмата за работа во 2021 година е успешно реализирана, се разбира во намален обем поради последиците од пандемијата со корона вирусот.

**Никола Маркоски**

ЗП Свети Николе

# 2021 со позитивни резултати

Собранието на Здружение на пензионери на Општина Свети Николе на 9 март 2022 година, ја одржа редовната седница на која се сумираа резултати и се разгледаа проблемите од минатата година. Седницата ја раководеше новоизбраниот претседавач секретарот на здружението Трајче Сандев. По усвојување на дневниот ред и записникот од претходната седница од членовите на Собранието, се помина на разгледување и усвојување на Извештајот за работа на органите и телата на Здружението за 2021 година и усвојување и на Програмата за работа на органите и телата за 2022 година. Претседателот на Здружението Никола Атанасов го образложи Финансискиот извештај за 2021 година и предлог–одлуката за финансискиот план на Здружението за 2022 година. По дискусија на членовите на Собранието финансиски план беше усвоен со констатација дека работењето на Здружението во 2021 година било целосно исполнето, но во помал обем заради корона ситуацијата. Спортскиот и културниот живот на пензионерите се одвиваше по план и мошне успешно. Здружението и понатаму продолжува да се грижи за пензионерите, особено за оние со ниските примања на кои им е потребна материјална поддршка, и за нив се планира еднократна помош. Вишокот од непотрошените парични средства ќе се распределат така што дел ќе биде за помош на одредена категорија пензионери, дел за набавка на потребен инвентар и опрема за потреба на здружението, дел за реновирање на домот на пензионерите. По поднесената програма и апликација до општината, локалната самоуправа, ЗП Свети Николе доби 100.000 денари, кои ќе бидат употребени за реновирање.

Здружението и Активот на жени ќе се погрижат да се организираат повеќе културни активности за разубавување и збогатување на животот на пензионерите и нивното активно стареење. Меѓу другото во план е да се обнови и активира мандолинскиот оркестар и пејачката група. Тие ќе учествуваат на Регионалата ревија на песна музика и игри, а можеби и на Републичката ревија ако бидат добри. Здружението посебно внимание ќе посвети за снабдување со огревното дрво. Со добавувачите се склучени договори за оваа година, и се очекува заинтересираните пензионери да добијат дрва на време. Сите пензионери кои се снабдуваат со огревното дрво преку Здружението беа известени за покачување на цената на дрвото. На корисниците кои ќе го раскинат договор, уплатениот аванс ќе им биде вратен.

**Вукица Петрушева**

ЗП Тафталиџе ДДД – Скопје

# Позитивно оценета работата во 2021 година

И покрај отежнатите услови за работа, Извршниот одбор и комисиите при ЗП Тафталиџе ДДД – Скопје, во минатата година постигнале добри резултати во реализацијата на програмските активности што се одразува и на финансиски план. Преостанатите средства од 2021 година ќе бидат наменети за активности во текот на оваа 2022 година, со залагање на сите ограноци во кои членуваат над 6.400 пензионери. Ова е главниот заклучок на Собранието на ЗП Тафталиџе – Скопје што се одржа на 14.04.2022 година, а со кое раководеше претседателката на Собранието, Слободанка Исијановска. Во присуство на сите членови на Собранието, на Надзорниот одбор и на претседателот на Извршниот одбор Димитрија Димовски, кој даде воведни податоци како инспирација за дискусија, беше нагласено дека ова е прва седница со физичко присуство на членовите по две години поради пандемијата од ковид–19. И во минатата година, беше истакнато, основен извор на приходи била членарината.

Инаку, Здружението вложува напори за постојано подобрување на животниот стандард на пензионерите преку помош на социјално загрозени лица, здравствена заштита, културно забавен живот итн. Во тој контекст на 52 пензионери им е доделена парична помош согласно со правилата за давање еднократна помош.



Тврдењето дека ЗП Тафталиџе минатата година работело рационално и домаќински го потврдува податокот дека се остварени 2.705.455,00 денари, вкупните расходи изнесуваат 1.626.647,00 денари, а нето добивка од 1.072.155,00 денари.

Во текот на разгледувањето и усвојувањето на извештајот на Извршниот одбор, финансискиот извештај за приходи и расходи, одлуката за усвојување на Годишната сметка за 2021 година, се разви богата дискусија во која учествуваа: Верка Смиљковска, Живко Божиновски, Божин Јованов, Секула Блажевски, Марија Павловска, Митре Божиновски и Ноки Трајановиќ. Беа дадени голем број предлози за уште побогата активност на Здружението во полза на пензионерите. Притоа беше поздравена и одлуката ова Здружение да учествува на годинашната регионална ревија на песни, музика и игри и спортски натпревари организирани од СЗПМ.

**П. Миленкоски**




## НЛБ Сребрен пакет

# Вашата пензија секогаш навреме

**НЛБ Сребрен пакет**

- Visa Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
- **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
- **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје

NLB Banka

www.nlb.mk Контакт центар: 02 / 15-600



## ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА

ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ

# osteotend®

**ПРОИЗВОД НАМЕНЕТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НОРМАЛНА ФУНКЦИЈА НА ЗГЛОБОВИТЕ И 'РСКАВИЦИТЕ.**

**НА БАЗА НА БРОМЕЛИН, ПАПАИН, РУТИН, МЕТИЛСУЛФОНИЛМЕТАН, ВИТАМИН Ц, Л ОРНИТИН АЛФА КЕТОГЛУТАРАТ И ЃАВОЛСКА КАНЏА.**






- не содржи глутен
- не содржи глукоза
- не содржи лактоза

30 ќесички | 5.6 g

ЗЕГИН ДОО Скопје

Пред употреба внимателно да се прочита упатството! За индикациите, ризикот од употребата и несаканите дејства на граничниот производ консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт"

НОВО

# PROVEN® PROBIOTICS

# Cardiobiotic



КЛИНИЧКИ ЕДИНСТВЕНИ ТЕСТИРАНИ




- ♥ Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
- ♥ Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
- ♥ Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
- ♥ Витамин Б1 значаен за одржувањето на ормалната функција на срцето

една 30 КАПСУЛИ на ден

# Што е човекот и дали тој има лимит?

Многумина се прашувале што е човекот. Дали човекот треба да е мера за сè или не? Самиот збор упатува на нешто убаво и заокружено. Од старословенскиот збор човек, со челото во век. Исправен и загледан во вистинските вредности и светлината, која доаѓа одгоре. Зошто челото е толку важно? Веројатно што таму го лоцираме умот на човекот. Зошто векот е важен и што би значел векот во именката човек? Еден век знаеме има 100 години. А оваа бројка го определува отприлика и земното живеење на човекот. Има некои луѓе кои ја надминуваат бројката 100, но не премногу. Искрено, за мене зборот век, упатува на нешто многу убаво и хармонично како зборот вечност. А тоа е неизмерен број на векови.

Затоа, поради клучната повиканост на човекот кон целото, кон исполнувањето на смислата, сметам дека мера за сè треба да биде вечноста, универзалноста, убавината. *Sub speciae aeternitatis*, сè да се набљудува, оценува од аспект на хармонијата содржана во зборот вечност, кој во себе содржи мултиплицираност на хармонии и убавини. Затоа што убавината е секогаш целовита, таа исцелува и ја дарува мерата. Убавината и вечноста се секогаш содржани во ритмите, во музиката, во циклусите, во давањето простор на ближните да се сознаат и пораснат. Не само да се снаоѓаат во потребите на овој свет, како земен леб и земно живеалиште, туку како загледани во векот, во светлината, во смислата.

Денес, се е антропоцентризирано. Се грижиме само за лебот, а не и за „лебот наш насушен". Дали сме го анализирале тоа насушен? Дали воопшто некогаш, сме си дозволиле да помислиме на повисоката смисла? Насушен, доаѓа од надсуштен, надсуштествен. Суштествување е битисување, постоење. Оттаму суштество – нешто што постои, што дише (срце само куца, нека куца, нека дише – Констракта). Во овој контекст надсуштественото би значело леб кој доаѓа од сферата над постоењето. Значи има нешто над постоењето? Да има, тоа е векот, вечноста, хармонијата, светлината, смислата. Зошто само леб, а не леб и вода или леб и сол или цела трпеза? Треба да најдеме време да го изанализираме и потеклото и значењето на зборот леб.

Поврзано со ова претходно е зборот: егзалтација. Се сретнав со овој збор, една недела, рано наутро во една прекрасна природа. Но, сега токму овој збор ми треба. Сите бараме некаква егзалтација, некакво искачување, во земска некои, а други во натсуштествена форма. Во земна форма би било, да добиеш некоја повисока позиција на работа или во општеството. Да бидеш фален и славен. Во секојдневниот живот егзалтација ни се случува кога од нешто ќе бидеме емотивно потресени. Конечно и бараме начини да бидеме егзалтирани и подигнати на некое друго ниво од обичното. Прашањето е дали го правиме тоа на вистинскиот начин, или само бараме и консумираме сурогати?

Во натсуштествена смисла егзалтацијата е токму задобивање на мирот и спокојот, не вештачки, туку навистина. А тоа го постигнуваме така што знаеме која е смислата на „лебот наш насуштен". И зошто велиме, „наш", а не „мој" на пример. Односно, сета смисла е во тој леб, кој впрочем не го негира и земскиот леб, како секојдневна потреба. Како што постигнуваме некоја смиреност и хармонија, кога ќе успееме да ја поврземе левата и десната хемисфера на мозокот (honeymoon efect - Brus Lipton), со некоја своја практика, така и треба да успееме да ги споиме во сите сфери на живеење и овие два неопходни леба. Надсуштествениот, вечниот, радосниот и земниот, обичниот, со кој расне и се одржува нашето тело. Така ќе го сториме егзалтирањето, искачувањето кон надсуштественото, кон убавото и доброто во апсолутна смисла. И да не заборавиме, животот е искачување.

**Маја Белева**

# Што децата, кога ќе пораснат, (не)се должни да им возвратат на остарените родители?

Животот се смени, а се сменија и познатите фамилијарни структури. Затоа во последно време филозофската литература сталожено расправа за новото, многу реално прашање: Може ли возрасните деца да ја занемарат својата морална обврска кон родителите? Ова прашање се појави бидејќи многу луѓе се плашат да им кажат „не" на своите родители и подготвени се да ги жртвуваат сопствените интереси и сништа само за да не ги поднесуваат нивните укори. Од тие причини има многу луѓе кои не живеат живот каков што сакаат и кои станале заложници на чувството на вина и на „долгот" кој всушност е невозможно да се врати. Затоа е важно да се помогне на возрасните деца да сфатат каде е тенката граница помеѓу благодарноста и доброволната самопожртвуваност.

**1. Не би постоел без тебе, но моето раѓање беше твој избор**

Омилена фраза на родителот–манипулатор гласи вака: Не спиев ноќе и никогаш не го напуштав твојот кревет – каде е твојата благодарност? Но тоа се прилично природни работи кои ги прави секоја жена која решила да стане мајка, зар не? Детето не ни помислува дека можеби ќе мора да ја врати сета таа грижа и топлина која ја добива сега, пишува Bright Side. А кога од нив ќе се побара да го вратат долгот, љубовта кон родителите постепено ќе почне да исчезнува и ќе исчезне заемниот укор кој подоцна ќе прерасне во разочарување на еден во друг. Ваквите барања кај возрасните деца се појавуваат кога раѓањето на детето треба да стане гаранција на одредени очекувања кои му се поставени на тоа дете. Во семејства кадешто владее љубов, грижата е природна работа и родителите за новиот член се грижат како за нешто природно, затоа во иднината нема да има потреба да бараат благодарност од детето.

**2. Толку ти дадов, и жал ми е што тоа не го забележуваш**

Од првите мигови на својот живот детето им дава на родителите сè што има: поглед, прегратки, први зборови, ракотворби... Но родителите мора да имаат сили и желби да го забележат сето тоа што нивното дете го прави за нив. Ако ситниците поминат незабележливо, и ако возрасните се сигурни дека е потребно само да ги исполнат основните потреби на своето дете, не е чудно тоа дете во иднината да не чувствува цврста врска со своето семејство. Не е потребно да се спомене дека желбата за грижата за остарените родители можеби воопшто нема да се појави.

**3. Родителите не стануваат секогаш ваши најблиски луѓе**

Родителите несомнено играат важна улога во животот на секоја личност, но тоа не значи дека се единствени луѓе на целиот свет на кои нивното дете може да се потпре.

За жал, би можело да се случи и спротивна ситуација – на пример кога децата и родителите имаат недоразбирања, децата чувствуваат недостиг од поддршка или дека неговите родители ги игнорираат нивните проблеми.

4. Затоа, критиките на родителите можат да наштетат дури и повеќе од критиките на непознатите, а тоа уште повеќе ја влошува ситуацијата. И покрај обидите на некои луѓе да ги испочитуваат родителите без разлика на сè, ситуацијата треба трезвено да се процени – доколку се соочувате со занемарување, понижување и немате желба да ги споделите своите грижи со родителите, тогаш тоа не е врска помеѓу најмилите. Не живејте во илузија: ако не ве поддржувале од детството, големи се шансите дека нема да добиете поддршка ниту во возрасниот живот.

Во овој случај, таа личност има потполно право да одбие да ги издржува своите родители бидејќи никогаш од нив не видела поддршка. Спротивно на тоа, ако родителот безусовно ја дал сета своја љубов кон детето, кога детето ќе порасне, нема да чувствува потреба нешто да возврати.

5. Постои теорија на пријателство која вели дека децата треба кон родителите да имаат исти чувства како и кон пријателите, бидејќи пријателските врски се одржуваат доброволно. Ако родителот и детето меѓусебно не споделуваат чувства, тогаш не би требало да има никакви обврски кон родителите.

**6. Не сакам да станам личност каква вие сакате да бидам**

Родителите можат да имаат некои идеи за вашата иднина, но никогаш не би смееле да се мешаат во остварувањето на вашите идеи. Да се биде возрасна личност значи да одберете самите свој пат, а тоа може да биде слично на животното искуство на вашите родители или потполно поинаку. Жртвувањето на своите сништа поради семејните очекувања е најдобар начин да генерирате незадоволство, гнев и болка и да живеете со тие чувства до крајот на животот.

**7. Нема да ви го посветам своето време**

Често се појавува желба кај родителите да го поминуваат секој миг со своето дете. А кога детето ќе стане возрасен, понекогаш тоа резултира така што родителите бараат исто внимание за себе како и детето во своето детство. Меѓутоа, ако говориме за нормална ситуација, децата пораснуваат и започнуваат нов живот, додека родителите остануваат едни со други и со своите лични достигнувања во текот на созревањето на детето. Без разлика на тоа колку деца и внуци има личноста, таа, пред сè, би требало да може самостојно да се грижи за себе.

**8. Не можат да ви го вратат времето**

Навреденоста поради тоа што детето не ги „исплатило долговите" се појавува во случаи кога родителот не успеал да го реализира својот потенцијал во саканата сфера, а изгледа дека поради раѓањето на детето го изгубил сиот потенцијал и не успеал да ги постигне целите. Детето не може да го врати времето кое родителот не се осмелил да го потроши на себе.

**Т.Г.**

# Здравството и осиромашување на пензионерите

Здравствениот систем во нашата земја, како и во најголемиот број земји во светот, обезбедува здравствена грижа за која корисниците дополнително плаќаат од својот џеб. Тоа е кај нас познатата партиципација од 20% од цената на здравствените услуги и е една од највисоките во Европа (постојат ослободувања поврзани со одредени болести, возрасти, социјална положба итн.). Покрај партиципацијата осигурениците, посебно пензионерите, плаќаат од својот џеб уште многу други здравствени услуги кои не можат да ги остварат во редовна постапка поради познатите слабости на нашиот здравствен систем, а плаќаат и значителни средства за лекови. Неодамна, за првпат од страна на Светската здравствена организација (СЗО/ЕУ), се објавени податоци за издвојувањата средства на осигурениците во Македонија, кои останатите европски земји со децении ги објавуваат (Димковски В, Mosca I, во WHO-EU: 2021–4201). Извештајот ги потврди забелешките на пензионерската организација дека пензионерите се преоптеретени со давачки од свој џеб при прегледите и лекувањето. Пресметките покажуваат дека нашиот здравствен систем во значаен процент се потпира на приватните плаќања, кои во тековните расходи за здравствена заштита (во 2018 година) учествувале со 42%, далеку над просекот во ЕУ кој изнесува 22%. Всушност 80 % од овие средства, се однесуваат на плаќање за лекови, па е јасно дека пензионерите како најголеми потрошувачи се и најзагрозениот сегмент од населението, дотолку повеќе што во огромен дел примаат мали пензии. Од друга страна ФПИОСМ за пензионерите на ФЗОМ му уплаќа средства за пензионерите по стапка на издвојување од 13% од пензиите, додека за другите осигуреници стапките се **6-7 %**, па така од вкупните уплати во фондот 23% доаѓаат од пензионерите. За толку голем придонес пензионерите добиваат ослободување од партиципација за болничко лечење само за пензии помали од 14.500 денари,за разлика од порано кога сите над 65 години биле ослободени од партиципација, практика која постои во земјите од окружувањето. Во извештајот се наведува и дека кај нас околу 60% од семејствата се загрозени да упаднат во сиромаштија или подлабока сиромаштија поради трошоци за здравјето од свој џеб, а тука пак се најзагрозени пензионерите. До неодамна, намерно или не, и покрај забелешките од СЗПМ, на оваа состојба се замижуваше, податоците или не се прибираа или се заташкуваа. Сега СЗО/ЕУ ја обелодени оваа состојба кај нас и во извештајот се дадени препораки за зголемена заштита при плаќање на партиципација на лекови на рецепт, редовно ажурирање на позитивната листа на лекови, подобрување на селекцијата на лекови, адресирање на неформалните плаќања и давање на поголем приоритет на здравството при распределба на јавните средства. **Ова се горе-долу барањата кои СЗПМ со години ги доставува до надлежните бидејќи пензионерите од една страна пропорционално најповеќе издвојуваат кон касата на ФЗОМ, а од друга страна издвојуваат најмногу средства од својот џеб за приватно плаќање и се во најголем ризик заради тоа од паѓање во сиромаштија.**

**Д-р Д. Димитриевски**

ЗП Пробиштип

# Работна акција за Денот на пролетта



Почетокот на пролетта, членките на активот на пензионерки при Здружението на пензионери во Пробиштип, го одбележаа со доброволна работна акција. Уште на почетокот на годината, кога се разгледуваше извештајот за сработеното во претходната година, беше разгледана и донесена Програма за активностите на активот на пензионерките за оваа година. Во програмата беа зацртани повеќе активности, а се договорија, во секој месец да се организираат по два или повеќе настани во кои би се вклучиле и пензионерките, доколку, истите се поврзани со интересот на жените–пензионерки.

Меѓу другите активности беше набележана и доброволна работна акција во март. Акцијата се изведе на 23–ти март, со што се оддбележа почетокот на најубавото годишно време во годината, пролетта

Десетина жени – пензионерки, решија да го расчистат и уредат просторот околу пензионерскиот дом, особено делот пред домот кој е засаден со зимзелени дрва и каде пензионерките летниот период поминуваат поголем дел од времето, бидејќи, објектот се наоѓа подалеку од градскиот метеж и бучавата од автомобилите. Во работната акција, на пензионерките им се придружија и неколку пензионери кои во тој момент се нашле во пензионерскиот клуб на партија карти, табла, шах и слично. Тие помогнаа во изнесување на вреќите со смет, ги исекоа исушените гранки од дрвата и друго. За неколкуте часови, колку што траеше акцијата, околината околу пензионерскит дом се претвори во пријатно катче за прошетки и одмор. Покрај чистењето, беше договорено да се засадат и цвеќиња во жардиниерите и покрај бетонираниот дел со што ќе се докомплетира просторот и како што рече претседателката на Активот на пензионерки на здружението Јовка Петрова, ова ќе биде наш летниковец, во кој сите наши членови и честите посетители од ќе уживаат во топлите летни денови. Да се надеваме дека ова нема да биде единствена акција, и дека ќе бидеме тука и да ги одгледуваме цвеќињата, рече Петрова.

**М. Здравковска**


ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година XV – број 165
април 2022 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Коку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**

**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Васил Пачемски**
уредник;

**Членови:**
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**

СЗПМ Бул. „Кочо Рацин"
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија"

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

ЗП Куманово

# „Шегобијна разгледница“

На 1.4.2022 година, во просториите на ЗП Куманово по повод Денот на шегата, се одржа манифестацијата „Шегобијна разгледница“. Манифестацијата поради лошите временски услови место пред платото на Домот на културата „Трајко Прокопиев“ се преориентира во просториите на секогаш отворените врати на ЗПК. Организатор на „Шегобијна разгледница“ беше Комисијата за културно–уметнички самодејности при ЗП Куманово со која раководи Душка Гиевска. Манифестацијата ја отвори претседателот на ЗП Куманово Благе Јакимовски, кој на крај на неговото обраќање ги почести присутните со неколку шеги.



Сѐ беше во знакот на шегата, песните, стиховите, на хумористичниот скеч. Настапија: Симе Бојаџиевски, Љиљана Тричковиќ, Радосвет – Стил Илиевски, Драган Цветковски, Владанка Поповска, Калина Бошковска, Боге Стојановски придружуван од пејачката група при ЗП Куманово во состав од Калина Бошковска и Влајко Петковски. Присутните пензионери се смееја и уживаа.

По објавен конкурс од страна на Комисијата за културно–уметнички самодејности за литературни творби, поезија и проза со службен наслов „Ајде сериозно да се шегуваме“ избраните учесници Борјана Раліќ, Росица Митиќ, Гордана Поповиќ, Дивна Јовановска читаа свои хумористични дела. Зора Ивановска и Љиљана Тричковиќ со малку хумор и малку сатира ја искажаа маката на пензионерите со ниски примања. На општо задоволство на присутните пензионери и на учесниците заврши уште една „Шегобијна разгледница“. **Љ.Т.**

# Насмевки насекаде за секого - стоматолошки услуги

Со потпишување на Меморандумот за соработка помеѓу Црвен крст на Република Северна Македонија – Црвен крст на град Скопје и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Стоматолошки факултет, двете институции ќе ја зајакнат соработката во областа грижа за ранливи категории корисници, со акцент на лекување и превенирање на оралните заболувања кај нив. Истото ќе биде реализирано преку овозможување на бесплатни прегледи/интервенции (вадење заби, лекување, пломбирање, третирање на болести на уста).



Критериум за вклучување на оваа активност се лицата во трето доба кои немаат пензија или кои ги застапуваат некои од правата од социјална заштита.

Активноста веќе е во тек и сите заинтересирани лица можат да се јават на телефонскиот број 02/3228–347 или 071/367–909 секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот или да се обратат во просториите на Црвен крст на град Скопје во ДХО Даре Џамбаз.

**Елеонора Андонова**
**Црвен крст на град Скопје**

# Пензионерите се подготвуваат за ревиите и спортските натпревари

По пауза од две години поради пандемијата, распеаните и разиграни пензионери веќе ги започнаа подготовките за музичките, како и спортски активности. На ваквите активности кои се организирани и поддржани од страна на СЗПМ, придонесуваат да се сочува нашето богато фолклорно наследство и да се негува спортскиот дух кај луѓето од третата доба, односно пензионерите.



Во овој контекст на 11 мај во Кавадарци ќе се одржи Регионалната ревија на песни, музика и игри на кои ЗП Кавадарци, ќе биде домаќин на пензионерите од шестиот регион, Веќе ги прави последните подготовки, со цел да им приреди на учесниците убав престој и секако да биде пример за добар домаќин. Пензионерите од Кавадарци ќе имаат можност да го проследат настапот на пензионерите од Битола, Прилеп, Неготино, Демир Капија, Валандово, Богданци и секако, Кавадарци. Кавадаречките пензионери одржуваат редовно проби, со цел во што подобро светло да се претставаат пред своите сограѓани. Овде го бележиме и успешниот настап на пеачката група „Никола Бадев“ на програмата на ТВ Сител. За успешен настап, Комисијата за културно забавен живот, преку „Пензионер Плус“, како едно од најчитаните информативни гласила за пензионерите, ја користи можноста да се заблагодари на музичката редакција на ТВ Сител, што им овозможи на членовите на пеачката група „Никола Бадев“, успешен настап презентирајќи песни од родниот крај.

И ЗП Гевгелија интензивно се подготвува за спортските регионални игри како и за регионалната ревија на песни, музика и игри за да си ги покаже своите умеења и можности. во кои ќе учествуваат поголем број на пензионери, кои едвај чекаат да се дружат со своите врсници после овие тешки пандемиски години.



И во ЗП Прилеп е раздвижено. Активни веќе станаа и спортистите кои се подготвуваат за регионалните спортски игри, а и на музички план се активни веќе и членовите на двете КУД „Пенка Котеска“ и „Пензионер“. Тие се подготвуваат за ревијалните регионални ревија на песни музика, и игри што ќе се одржат во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија

Така е и во речиси сите здруженија.

**Од дописниците на „Пензионер плус“**

ЗП Вевчани

# „Враќање од иднината“ - нова книга од Анастас Ќушкоски

Неодамна од печат излезе новата збирка со 52 песни, од современиот македонски писател Анастас Ќушкоски од Вевчани, во Едицијата на Современата македонска поезија, насловена како „Враќање од иднината“, на 85 страници и со пет негови илустрации. Збирката песни е поделена на три дела и тоа: Бигори со 18 песни, Изблици 16 песни и Епифании 17 песни. Ликовно и графичко обликување и фотографиите се на самиот автор, Анастас Ќушкоски.



Анастас Ќушкоски, е роден1942 година во Вевчани. Има завршено Економски факултет во Прилеп. Тој е еден од ретките поливалентни автори со коплексно и различно творештво. За него не постојат граници во уметничкото изразување. Тој со подеднакво творечки занос и жар, успешно се пронаоѓа во повеќе сфери на уметноста и истражувачките активности што го чини во континуитет повеќе од половина век. Инаку на културната и пошироката јавност и е познат како драмски автор, поет, раскажувач, публицист, сценарист, режисер и пасиониран фотограф.

На литературен план има објавено 16 книги. Подолго време се занимава со научно истражувачки работи во неколку област. Исто така се јавува и како автор на повеќе краткометражни (алтернативни) и документарни филмови реализирани преку МТВ и локалните телевизии на тема од печалбарството, фолклорот, обичаите, старата архитектура и друго. Подолг временски период се занимава и со фотографија, при што има реализирано преку 30 самостојни тематски изложби во земјава и странство. Истите се насловени како: „Вевчани низ објективот на Анастас Ќушкоски“. Член е на повеќе асоцијации и здруженија меѓу кои и на Друштвото на пистаелите на Македонија, Македонско научно друштво од Битола, Друштво на наука,уметтност и култура во Струга, како и Центарот за карпеста уметност на Македонија. За своите активности има добиено повеќе награди и признанија.

Тој пишува од најмладата возраст, но доста има напишано и објавено во третата доба на животот како пензионер од 2000 година. **С. Кукунешоски**

ЗП Бутел

# Уште една успешно завршена година

И покрај предизвиците со кои сме соочени во последниве 2 години, зафатени од пандемија, сепак успеавме успешно да ја организираме и завршиме 2021 година. Некој можеби ќе рече дека во оваа година баш и не можевме нешто да направиме, но ние можеме да се пофалиме со неколку успешно спроведени акции и тоа:

На 13.12.2021 по повод 11 години од основањето на нашето здружение, организиравме мала свеченост на која присуствуваа членовите на Надзорниот Одбор, како и дел од членовите на Собранието на Здружението, а беа поканети други.

По повод новогодишните празници, во огранокот Радишани на 30.12. 2021 беше одржана средба на пензионерите на која беа присутни ограничен број на наши членови, а сѐ со цел заштита на здравјето на истите.

Седниците на Извршниот Одбор беа навремено одржувани, на кои се носеа повеќе важни одлуки за нашите членови, меѓу кои и одлуките за доделување на парична помош на изнемоштени стари и болни лица. Доделена е помош на 20 пензионери во висина од околу 100.000 денари.

Во нашето здружение секојдневно сме посетени од голем број од нашите членови, кои ни ги посочуваат своите проблеми во време на светска енергетска криза, за што, ние како претставници на истото изнаоѓаме најразлични решенија за ублажување на ударите од овие светски непогоди со кои се соочуваме сите. Една од многуте активности кои ги спроведуваме, е и поддршката на нашите членови за користење на поволностите од бањите во нашатаземја, со кои Здружението има склучено договор за добивање на попусти.

Оваа календарска година ја започнавме со надеж дека ќе завршат сите светски непогоди, меѓу кој и пандемијата со Ковид 19, како би можеле во истата да организираме културни и спортски активности или со еден збор поголемо дружење меѓу нашите членови и членовите на останатите здруженија од СЗПМ.

На седницита на Извршниот Одбор на 13.04.2022 година, донесена е одлука за учество на фолклорната регионална ревија на песни, мозика и игри на која домаќин е ЗП Ѓорче Петров, како и на овогодишните регионалните спортски натпревари. Здружението ќе учествува и на манифестацијата „Томина Недела“ во Виница.

Секојдневната грижа и повремена посета на нашите болни и изнемоштени членови е неизбежна, а воедно и наш поттик за успешна комуникација со нив.

**Љубица Петрушевска**

ЗП Крива Паланка

# Центар за нега

Како во државата, така и во нашиот град младите мигрираат во западноевропските земји за егзистенција, додека во Крива Паланка и околината се повеќе останувaат стари лица, осамени и болни кои не можат да си ги вршат социјалните обврски. Затоа овој проблем се наметна на локално ниво на Општината, како и на ниво на ОО на Црвениот крст да се донесе програма за стари лица. Така дел од таа програма е неодамна новоотворениот Нега центар во склоп на Црвениот крст на Крива Паланка. Тој најпрво почна со работа со дваесет лиценцирани негователи на стари лица, осамени и болни во домашни услови, како и на лица со пречки во развојот. Волонтерите покрај задачата да даваат помош на старите и изнемоштени во домашни услови, тие треба и да им помагаат и во извршување на социјалните обврски во институциите.

Поради големите барања на корисниците имаше потреба од обучување на уште дванаест волонтери за помош и нега на стари и болни лица. Лиценцираните негователи деновиве ги добија сертификатите во општинската сала за состаноци и се очекува да излезат на терен за да помагаат на корисниците на пензија. Сега Нега центарот располага со триесет и два лиценцирани негователа со што би се ублажила состојбата барем до некое ниво.

Нега центарот финансиски е поддржан од фондот за население на Обединетите нации–УНФПА од страна на Црвениот крст на Република Северна Македонија и општинската организација на Црвениот крст на Крива Паланка. **Б. Стојчевска**



ЗП Македонски Брод

# Отчетна седница на Собранието

На 24. март 2022 година, се одржа отчетната седница на Собранието при ЗП Македонски Брод на која присуствуваше и делегатот при Собранието на СЗПМ Стојан Секулоски од ова здружение. Седницата ја отвори и ја водеше секретарот на СЗП од Македонски Брод, Венче Кузманоски.

Седницата започна со едноминутно молчење за починатите пензионери во минатата година. Потоа седницата течеше по едногласно усвоениот дневен ред, а по претходно доставените материјали. Беа разгледани: Извештај за работата на ЗП Македонски Брод, Извештај на Надзорниот одбор за финансиското работење и Завршната сметка за 2021 година. Кратко образложение за работата во пандемиски услови даде Венче Кузманоски кој меѓу другото рече дека со редуцирани активности здружението не престанало да работи. Сметководителката Анита Смилеска се произнесе по Годишната сметка на здружението за 2021 год. Документите беа едногласно усвоени.



Според Препораката на Извршниот одбор на ЗП Македонски Брод присутните се сложија во финансискиот план во иднина да постои позиција: 10% од средствата пренесени од претходната година да се наменат за хуманитарни и социјални потреби на пензионерите.

Предлог–годишната програма за работа на ЗП Македонски Брод меѓудругото содржи содржи: учество во регионалните ревии на песни, музика и игри за 2022 година во Охрид; учество на регионалните спортски натпревари за 2022 година; еднодневни екскурзии на пократки релации со посета на културно–историските знаменитости и бањско–клиатска рекреација за пензионери со пониски пензии и друго. И програмата за 2022 година беше едногласно усвоена.

**Милчо Тренкоски**

# ЗП БИТОЛА - лична карта







## Здружение на пензионери Битола

**„Бул. 1-ви мај“ 268 тел: 047 236 036; 047 202 399; 071 213 585**
**zdr_penzionribt@t-home.mk**



**Данче Петличкова**
**претседател**
**на ИО и на ЗП Битола**

Здружението на пензионери Битола е едно од поголемите здруженија, членка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со членство од над 18 илјади пензионери. Формирано е во далечната 1946 година. Како ден на формирањето, Здружението го одбележува 15 октомври.

ЗП Битола одлично соработува со СЗПМ каде што активно учествува и дава свој придонес во работата преку своите делегати во повеќе органи и тела на најголемата масовна мултиетничка невладина организација, како и со други организации кои



се бават со проблематика поврзана со пензионерската популација.

ЗП Битола учествува на сите активности во организација на Сојузот, а во 2016 година успешно го претставуваше Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 16. фестивал



за 3 животна доба во Љубљана, заедно со ЗП Демир Хисар.

Здружението на пензионери на Општина Битола е невладина, доброволна организација, организирана во 30 урбани заедници односно ограноци. Во здружението членуваат и пензионерите од општините Новаци и Могила, кои се посебни урбани единици.

Правата и надлежностите на членовите на Здружението се остваруваат врз основа на законските прописи и Статутот на Здружението на пензионери Битола. Во здружението функционира собрание, извршен одбор, надзорен одбор и следните комисии: за соработка со други здруженија од РСМ и надвор од земјата, за доделување помош на членови на ЗП Битола и хуманитарни акции, за здравство и здравствена помош, за стандард и снабдување, за станбени прашања, за статут и правни прашања, за забава и култура, за спорт и спортски активности, за клубови, за попис и Секција на жени.



Претседател на Извршниот одбор и на здружението е Данче Петличкова, претседател на Собранието е Крсте Белевски, а претседател на Надзорниот одбор е Митко Гакаракоски.

За големиот број на активностите можеме да дознаеме од Извештајот на ЗП Битола за 2021 година:

Една од главните активности на ЗП Битола е реализацијата на активноста за воведување на Социјална карта на пензионерите од ЗП – Битола. И покрај отежнатите услови заради пандемијата со ковид 19, ангажираните лица како анкетари скоро 80% од планираните активности ги завршија во извештајниот период.

Во текот на изминатата година Здружението инвестираше во пензионерски клубови како што се: месниот огранок во с. Кукуречани, с. Новаци и „Кочо Десано“ во Битола.

Од постоењето на ЗП Битола не постојат кодифицирани податоци за неговото организирање и функционирање, заради што ова раководство на ЗП се зафати со изготвување на монографија на ЗП од неговото основање во 1946 година до денес, што ќе претставува документ кој ќе им користи на сегашните и идните генерации.

Неможноста за реализирање на зацртаните активности значеше и остаток на средства коишто беа предвидени за реализација на нереализираните активности, така што Извршниот одбор на Здружението донесе одлука овие средства да се наменат за потребите на пензионерите, посебно за оние пензионери кои имаат најниски пензии. Во оваа смисла Здружението иницираше и реализира активност за давање на ваучери во вредност од 1.000 денари за околу 1 300 пензионери. Во 2021 година и во 2022 год. беа доделени уште 1 000 ваучери или вкупно 2 300 ваучери. За реализација на оваа активност ИО на Здружението донесе правила со кои се определија критериумите, начинот и постапката за доделување на ваучерите.

20 пензионери кои се заболени од тешки болести и им треба хируршка интервенција беа финансиски помогнати со 200.000 ден.

Исто така, Здружението, со помош на ОО „Црвен крст“ Битола додели 100 пакети со прехранбени производи, по повод Велигденските празници за пензионери со ниски пензии, а на учениците од Центарот за поддршка на деца со попреченост во ОУ „Горги Сугарев“ Битола по повод Новогодишните и Божиќните празници им беа доделени новогодишни пакетчиња.

Здружението на пензионери потпиша Меморандум за соработка со граѓанската организација „Ајде Македонијо – Нахрани 10 000“, од Скопје. Согласно со што во текот на месец септември членки на Секцијата на жени заедно со претседателката на Здружението реализираа акција за собирање хуманитарна помош во храна од страна на граѓаните во трговската организација „Тинекс“ во Битола. Собрани беа 260 килограми прехранбени производи, кои се донираа на 130 пензионери со најниски пензии, исто така со помош на ОО „Црвен Крст“ – Битола.

Во летниот период, кога беа измерени високи температури, беше организирана акција, преку Секцијата на жени, заедно со претседателката на Здружението, и беа доделени околу 500 шишиња со ладна вода на пензионери и останати граѓани.

Од редовните планирани активности се реализира и обезбедувањето на огревно дрво за пензионерите и тоа поуспешно



за разлика од претходните две години, односно во оваа година доставата на огревното дрво заврши во средината на месец октомври.

Во 2021 год. реализирани беа договорите со битолските лаборатории за испитување на крвната слика со три параметри (триглицериди, холестерол и гликемија), како и мерење на крвен притисок.

Исто така, се продолжи со учество во плаќањето 50% од цената на возните билети за превоз во градскиот и приградскиот сообраќај.

ЗП Битола аплицираше по програмата за социјална заштита на Општина Битола за 2021 година со проектот „Грижа за здравјето на стари лица“ и доби 50.000 денари. Овие активности се реализираа со одржување на 20 едукативни работилници на теми за болести од коишто најмногу заболуваат старите лица, а едукатори беа лекари специјалисти од областа на темите.

Што се однесува до програмираните активности од културно–забавниот живот и спортските активности, заради состојбата со пандемијата, редуцирани беа повеќе од нив. Од реализираните активности предвидени со програмата беше учеството на дел од членовите на пејачката група „Сирма Војвода“ на Регионалната ревија на песни и игри и на Илинденските денови во Битола.



Пензионери–спортисти настапија на регионалните спортски игри во Прилеп, како и на републичките спортски игри во Велес, каде што во трчање на 100 метри Битола освои златен медал.

На Републичката ревија на песни и игри која се одржа во Скопје, пејачката група „Сирма Војвода“ не учествуваше заради состојбата со пандемијата.

Претставници на ЗП Битола учествуваа и на поетското читање во организација на СЗПМ по повод 100–годишнината од раѓањето на академик Блаже Конески.

Сè на сè ЗП Битола е здружение за пример, благодарение на раководството и на секој поединец член на здружението.

**СЗПМ**



ЗП Куманово

# Промовирани три дела од Љиљана Тричковиќ

На 25.3.2022 година во Занаетчискиот дом Куманово беа промовирани три дела на авторката Љиљана Тричковиќ и тоа: Стихозбирка „Секогаш своја“ и романите „Не ми ја допирај верата“ и „Прва замолив за љубов“.

Промотор беше Зора Ивановска, претседателка на ОЖ „Нада Михајлова“, поетски клуб „Обденица“, а стихови од стихозбирката и фрагменти од романите читаа членки на истоимената организација: Лидија Максимовиќ, Росица Митиќ, Ротка Јакимовска и Калина Стојановска. Музичкиот дел во најдобро светло го претставија маестро Боге Стојановски и Владимир Ангеловски. Водителка на настанот беше Глорија Спасовска.



Љиљана Тричковиќ е родена на 2.4.1963 година во Куманово. Во 2016 год. се стекнува со статус семеен пензионер и оттогаш активно се вклучува во ЗП Куманово и уште поактивно почнува да пишува. Резултат на тоа се нејзините три дела промовирани на промоцијата кои се застапени во повеќе антологии, а се и наградувани. Во ЗП Куманово активно е вклучена речиси во сите секции. Конечно и се остварува сонот и ја објавува нејзината прва стихозбирка „Секогаш своја“ со која ја добива втората награда на конкурсот на Дата песнопој – Битола, „Книжевни меридијани“. Нејзините песни се застапени во Пауна 2 и Пауна 3 стихозбирки составени од песни на група автори. Во стихозбирката „Куманово низ мозаик на зборови“ застапена е со четири нејзини песни на кумановски дијалект. Во 2018 год. на литературната манифестација „Охридијада“ – Милица Паулус, доделена и е награда за „Убава интерпретација на поетска творба“ и прва награда за „Убава поетска творба“. За нејзините песни добитник е на повеќе награди, но особено драга и е наградата „ГРАН ПРИ“ на Музички арт литературен фестивал „Вознес 2014“ за песната „Љубов ми треба“ доделена од фондацијата Такец – Битола. Во 2020 год. излегуваат нејзиниот прв роман „Не ми ја допирај верата“ и вториот роман „Прва замолив за љубов“ во издание на Дата песнопој – Битола.

Еве фрагменти од рецензии на Илија Мерковски:

– Во „Секогаш своја“... Љиљана Тричковиќ пее за огновите кои се јавуваат како душевен предизвик, па секое влегување и излегување во нив и од нив претставуваат потреси на срцето, преставуваат влез во чудесното како да се прави првиот и најрешителен чекор во животот. Вртлозите на животот често ја подземаат и како што вели поетесата „како цунами ќе те надвијат и ќе те остават без здив, без збор“, но сепак таа се фаќа во коштец и ја прифаќа таа борба со која и се надополнува, ги јакне напорите во себе да се биде, да се опстои, да се живее како стремеж и за излез од темнината.

За романот „Не ми ја допирај верата“ рецензентот вели:

– Темата односно лајт мотивот во овој роман е љубовта, тема која е многу експлоатирана во книжевноста, но начинот на кој Љиљана Тричковиќ и приоѓа е мошне оригинален. Љубовта на два лика од различна вероисповед, поточно меѓу претставник од православна вера и претставник од муслиманска вера, во средина каде што патријархалното воспитување сè уште се провлекува и е доминантно, не само што тешко е остварлива и многу ретка, туку најчесто завршува со осудување од јавноста, а посебно од блиските.

Романот „Прва замолив за љубов“ е добитник на наградата „Пелистерски ракувања“ на Дата Песнопој – Битола. Писателката Љиљана Тричковиќ преку нејзината моќ на следење и прекрасно раскажување, опишување дефинирање на карактерните особини на ликовите и успева успешно да не води низ сите делови на романот. Нејзиното префрлање во следење на настаните, на трагањето за диференцирање на судбините на ликовите. Успева да изгради прекрасен роман, достоен за секој читател. Тоа е концепт и рецепт за многу други кои ќе се нафатат да пишуваат комплексен роман со повеќе доминантни ликови.

**Г.Б.**

# „Карма“ - роман на Марија Моневска




Зборот Карма, според народните верувања значи судбина. Но зборот Карма значи и дејствување. Кармата е енергија која се создава преку акција, мисли, зборови и дела. Сите ние создаваме карма во секоја минута и кармата што ја создаваме влијае на нас во секоја минута. Кармата е акција, не резултат.

Дали зборот Карма е судбина или не, романот „Карма“ е и судбина и дејствување во животната сторија на младата девојка Емилија од денот на матурската вечер па до нејзиниот педесет и втори роденден. Но пред да продолжиме да пишуваме за романот, како што е ред да го запознаеме накусо авторот.

Марија Моневска е од Кратово, а живее во Лозово. Литературното творење го започнала уште во првите училишни години. Во гимназиските денови веќе станува познат поет. Подоцна станува член и претседател на литературната дружина „Мугри 63“ при гимназијата „Митко Пенџуклиски“ во Кратово. Редовно и со успех учествувала на литературни конкурси и читања во повеќе градови во Македонија. Нејзини поетски и прозни текстови се објавувани во гимназискиот весник „Младост“, на кој подоцна станала и уредник. Добитник е на многу литературни награди.

Марија Моневска била долгогодишен просветен работник, наставник по македонски јазик во неколку основни училишта. Работниот век го поминала во многу активности во образованието, во Советот на Општина Лозово, како и во невладиниот сектор. Во Организацијата на жените на општина Лозово активно дејствува и е претседател уште од нејзиното формирање. Сега е пензионер и претседател на општинското здружение на пензионерите во Лозово.

Но, љубовта кон убаво пишаниот збор продолжува да ја негува истовремено со сите останати активности. Плод на таа љубов е и нејзиниот роман „Карма“, во кој со перо в рака, го насликала периодот на шеесеттите, седумдесеттите, осумдесеттите и деведесеттите години од минатиот век, на Југословенските простори. Личностите се измислени, а настаните исто така. Романот е напишан на убав стил, со детални описи како со сликарска четка насликани личностите и местата на случувањата, испреплетени со многу стилски изразни средства, но опишани се и длабоки лирски чувства како во поезијата.

Романот „Карма“ е еден вртлог во кој што писателката ја пушта убавата, паметна и суперодлична матурантка Емилија. Од мирниот идиличен провинцијалски живот, во кој сите тајни ги споделува со својата верна другарка Ели, писателката ја воведува во огромниот велеград Белград, ја воведува во сјајот и бедата кои се присутни во сите големи градови. Емилија оди во Белград на студии по журналистика, а тешкотиите во приспособувањето во големата градска средина и ги олеснува нејзината цимерка Дара.

Кармата ја фрла оваа млада провинцијалка во прегратките на убавиот и шармантен Владимир со кого таа ја доживува првата љубов, но со неа коцкарот и нарко шеф Владимир ја носи на дното од пеколот. Кармата е таа која во животниот водовртеж, ја вади од пеколот и ѝ дарува прекрасен сопруг и деца, прекрасно семејство кое е нејзината смисла во животот. Нејзината цимерка од Белград и нејзината најдобра другарка од младоста, прават 52–от роденден Емилија никојпат да не го заборави. Ова е настан со кој завршува романот. Прочитајте го романот „Карма“ интересен е.

**Цветанка Илиева**



# Хуманитарни активности

Според планот за работа за 2022 год. Активот на пензионерки при ЗП Солидарност – Аеродром продолжува со социјално–хуманитарна активност. Почетна активност за 2022 год. беше во огранокот Ново Лисиче, каде што волонтерството доаѓа до израз од страна на пензионерките и претседателката на клубот. Посетата на пензионерките поранешни активистки кои од здравствени причини и возраста не се повеќе активни, им причини големо задоволство, бидејќи не се заборавени. Огранокот Вардар во истото здружение беше следен. Со помош на член на одборот на Активот беа посетени неколку семејства и понудена им беше помош. Пензионерите беа задоволни и благодарни. Празникот „Плачело дете за кора“, огранокот Јане Сандански секоја година традиционално го одбележуваше со подготвување на пити, зелници, кифли и друго од сите пензионерки при ЗП Солидарност – Аеродром. Донирањето секогаш беше во преден план, но со оглед на состојбата во која се наоѓаме со ковид 19 активностите се одложени за подобри времиња. Традицијата сепак на некој начин беше продолжена. Волонтерки пензионерки со почитување на сите мерки за заштита, секоја посебно во домашни услови подготви и спакува месени специјалитети и истите ги донираме на пензионерките во Огранокот Лисиче. Значајно е несебичното залагање на волонтерките од истоимениот огранок и во други случаи.

Активот на жени пензионерки при ЗП христијански празник Велигден секој сака да има во својот дом црвени јајца и основни прехранбени производи.

Здружението на пензионери Велес со Активот на пензионерки, учествува-




ше во хуманитарна акција, која се одржа на 9 април. Целта беше, собирање парични средства за 2–годишно дете кое се бори со тешка болест. Акцијата ја организираше Средношколската заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ од Велес. На овој хуманитарен настан се продаваа храна, книги, играчки и изработки од нашите гимназијалци. Настанот траеше цели четири часа. Велешките пензионерки подготвија богата трпеза од јадења, коишто се продадоа за само еден час.

Посебно е активна Комисијата за здравство и социјална помош при ЗП Прилеп. Така, од планираните 2,5 милиони денари за доделување помош на пензионерите досега се веќе доделени половина од овогодишната планирана сума за оваа намена. Сега, за верскиот празник Велигден се доделија ваучери за набавка на производи од по илјада денари на триста членови со пониски пензиски примања и оние што не примиле минатата година. Само за бањско лекување доделени се преку 270 илјади денари, а на 67 членови по разни основи доделени се повеќе од 220 илјади денари.

Велигденаска помош на стотина свои членови во висина од по илјада денари им додели и Здружението на инвалидските пензионери од Прилеп. Ова здружение преку својата канцеларија веќе врши обезбедување на огревно дрво за пензионерите на рати. Досега за набавка на буково и дабово дрво се пријавиле околу 400 пензионери за кои според барањата ќе бидат обезбедени повеќе од 1500 метри кубни дрва.



Гевгелија како секогаш со поддршка на претседателот на ЗП Гевгелија Велин Стојменов, пред Велигденските празници подели 70 хуманитарни пакети со прехранбени производи во вредност од 1100 денари, секој пакет. Поголем дел од пакетите се поделија во клубовите по селата, на пензионери социјално загрозени и со ниски пензии, со цел и тие да ги поминат празниците што поубаво бидејќи за најголемиот

Хуманитарни активности имаше и во други здруженија според програмита за работа.

**Од дописниците на СЗПМ**

Охрид

# Академик проф. д-р Миле Миќуновиќ, човек со многу титули и признанија

После Скопје, се чини дека Охрид го зазема приматот како втор град во Републиката по бројот на академици од разни области и профили. Еден од ретките охридски академици и прв од областа на здравството е академик Миле Данило Миќуновиќ. Доктор по медицински науки, професор, и специјалист по урологија. Роден е во 1951 година во Кичево, а на двегодишна возраст доаѓа во Охрид каде што завршува основно и средно образование, а во 1978 година Медицински факултет во Скопје.

По дипломирањето, се вработил во Специјалната болница за ортопедија, трауматологија и костозглобна туберкулоза „Св. Еразмо“ во Охрид, од каде што и се пензионирал. Усниот докторски испит го положил со највисока оценка во 1992, а во мај истата година на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Белград се стекнал со титула „доктор на медицински науки“.

Неговата наставно–научна дејност тука не завршува. Од 2006 година работи и предава на Високата медицинска школа и на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, во Битола. Во декември 2000 година е ангажиран како експерт – рецензент во повеќе институции.

Со неговиот труд, упорност и интерес за постигнување на што повеќе знаења од областа на здравството, Миќуновиќ станува член во многу стручни и научни Европски и Светски здруженија и институции.



Академик Миќуновиќ, учествувал скоро на сите републички, европски, и на светски конгреси со свои трудови. За неговиот широк дијапазон на успесите во здравството Миќуновиќ, има добиено мноѓубројни награди, плакети и признанија.

Името на академик Миќуновиќ во 2013 година е запишано во првите 90 научници на Црна Гора, а во 2015 година се здобил со титула Суверен принц од крстот на Розата, витез на орелот.

На 3 март 2018 година, Миќуновиќ избран е за редовен член во Европската академија за науки и уметност (ЕАСА) во областа на медицината и се стекнал со титула АКАДЕМИК. Во многу Европски земји па и во Македонија, титулата Академик е врвна титула за еден научен работник, и се доделува само на заслужни професионалци со добро искуство и импресивни резултати во нивната работа.

Миќуновиќ има богат опус и во публицистичката дејност.

Особено е вредно да се спомене дека проф. д–р Миќуновиќ е автор на 114 книги со 29.789 страници во тираж од 48.730 егземплари. Објавил 436 научни и стручни трудови, 10 универзитетски книги, над 70 колумни во дневен печат и 86 популарни статии на веб–порталот doktori.mk. Дел од неговите хируршки операции се наоѓаат на You Tube под наслов, Миле Миќуновиќ.

Во животот се водел со мислата на познатиот физичар Мајкл Фарадеј „Работи, заврши, објави“, а оние кои сакаат за сѐ критизерски да се однесуваат ги потсетува на познатата латинска поговорка: „Faciant meliora potentes“ „Оние што можат, нека направат подобро“.

Миќуновиќ се пензионира во октомври во 2018 година. Но, како пензионер не се чувствува. Постојано нешто пишува стручна и научна литература, а со својот фотоапарат кој постојано го носи со себе, ги бележи најубавите природни моменти и необичности на Охрид и езерото. Професор д–р Миле Миќуновиќ меѓу охриѓани е познат и признат уролог, научник, професор, хроничар на Охрид, а малкумина знаат дека е и член на македонската масонска ложа. Неговата филозофска мисла е: Слава на трудот!

**К. Спасески**

ЗП Прилеп

# Челадта ме одржуваат и ми даваат сила

Сребренко Чапкуноски е пензионер со свои 85 години. Може да се каже дека е најстар делегат во Собранието на Здружението на пензионери во Прилеп. Веќе втор мандат е делегиран од огранокот на пензионерите од населеното место, Тополчани. Мирен, тивок, скромен во однесувањето, а и во разговорот што го поведовме пред почетокот на седницата на Собранието.

„Јас ги пренесувам, еве веќе осма година мислењата, забелешките и се разбира проблемите што ги имаат неколкуте десетици пензионери од моето родно Тополчани, но и од другите околни села, чии жители се членови во пензионерскиот огранок од ова здружение во Тополчани. Останавме малку луѓе, жители во селото. Младите си заминуваат. Моите деца, а имам еден син и две ќерки, веќе не живеат во Тополчани, одамна живеат во Прилеп, а син ми Драган со семејството долги години живее во Прага, Чехословачка. На неколку наврати сум бил и јас таму. Убав град, убави луѓе, а што е најважно моите таму се имаат добро снајдено. Работат и синот и снаата и моите внуци. Кое од ќерките, кое од синот имам 6 внуци и седум правнучиња. Тие ме одржуваат во живот и всушност за нив живеам. Со нивните радости се радувам и јас и еве издржав толку години“, вели Сребренко. Го запрашавме за неговото необично име.

„Не знам, – вели – така било тогаш кога сум се родил можеби среброто било на цена и кумот поведен од тоа ми го ставил името Сребренко“, – додава тој.



Пред да се пензионира Сребренко работел во Земјоделско–индустрискиот комбинат „Прилеп“, во работната единица во Тополчани. Таму бил продавач во продавницата, а потоа и келнер во ресторанот од овој тогаш голем Комбинат со повеќе стотици вработени од тука и блиските населени места. Сребренко се сеќава дека како работни единици биле и лозарството, краварството, се сеело пченица, пченка, сончоглед и други земјоделски култури. „Нашата работна единица беше една од најголемите во тогашниот комбинат и имаше многу вработени. Полето е богато и се работеше се и сешто. Тогаш, беше така, а можеби и затоа што бевме млади така ни се чинеше, а сега останавме малкумина во Тополчани, а како што ви реков и јас со едната нога веќе сум излезен во Прилеп, а дел од семејството ми е во ЕУ, во Чехословачка“, низ смеа кажува Сребренко Чапкуноски, најстариот делегат во прилепското пензионерско Собрание.

**К. Р.**

# Проф. д-р Васил Дрвошанов - добитник на Годишната награда „Ѓорче Петров“ за 2021 година

Истакнатиот македонски публицист, лингвист, критичар и поет, проф. д–р Васил Дрвошанов, е добитник на Годишната награда „Ѓорче Петров 2021“. Наградата тој ја доби по повод одбележувањето 25 години самостојна локална самоуправа за неговиот труд „Дијалектолошки анализи“. Станува збор за највисоката општинска награда, за највисокото признание што се доделува за долгогодишни остварувања и афирмирање на општина Ѓорче Петров во земјата и надвор од неа.

Васил Дрвошанов е исклучителна личност, кој цврсто е поврзан и општествено признаен за особени остварувања и посебен придонес на македонската дијалектологија, а плодовите од неговата животна мисија ги подарува на нашата наука за јазикот, нам и на генерациите кои доаѓаат.

Дрвошанов потекнува од село Моноспитово, Струмичко. По дипломирањето на Филошки факултет во Скопје, продолжил на постдипломски студии по македонски јазик, каде што магистрирал и докторирал.

Со свои публикации тој има учествувано на голем број домашни и меѓународни научни конгреси, конференции и собири. Свои стручни прилози има објавено во голем број збо-



рници, списанија и весници. Списокот на објавените трудови брои повеќе од четиристотини. Тој со право може да биде горд на тоа што го има постигнато. Беше директор на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, прв продекан и редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, главен уредник на ревијата за литература „Стожер“ и уредник на десетина зборници и научни трудови.

Добитник е на голем број награди, помеѓу другото, на Наградата „13 Ноември“, на Плакета од Институтот на македонски јазик „Крсте Мисирков“ по повод 50–годишнината од постоењето и на Наградата „Гоце Делчев“ како општествено признание.

**Васил Пачемски**

# Кога ќе се најдеш пред вратата на пензионирањето

Мојата професија и работата со старите лица во Домот за стари ми помогна целосно да ја разберам смислата на животот. Беше искуство кое помага да се препознаат вредностите на живеењето кои самата со нивна помош ги научив. Многу години со големо внимание ги гледав старите луѓе со кои секојдневно се дружев, нивните мали очињна времени во рамката од нивните брчки. Ги слушав нивните приказни додека некои од нив со растреперена рака ја бараа залутаната солза која се губеше во браздите на нивното збрчкано лице. Некои од нив ми подаруваа насмевка и тогаш се прашував дали само се трудеа да ја исцртаат, каде е изворот на таа скромна насмевка иако го знаев одговорот. Тогаш спокојно пловеа по спомените, тој непресушен и единствен извор кој брануваше во нивното битие. Во себе ја препознавав почитта кон старите и по толку многу години дружење со нив ја разбирав нивната скромност. Тие под покривот на домот /каде што сакале тие или не беа тука/ не бараа многу, само искрена насмевка и топол збор. Со нив ги споделував нивните приказни, во рацете ми ги ставаа нивните спомени. Така незабележливо се поврзував секојдневно со нив, што често пати имав чувство дека сум дел од нивното семејство, да, тие беа моето второ семејство. Интересно е кога ќе ја видев нивната солза ја оставав да излезе, да се тркала во нивните скутови, ги оставав зашто ја препознавав добро борбата која се водеше во нивните битија тешката борба која ќе мора самите да ја добијат. Ја препознавав во нив нивната сила, како и желбата за уште многу утра во кои ќе чекорат во новите денови. Секогаш мудро одбегнував да ги тешам зашто колку и зборови да има во речникот, никогаш не можев да го пронајдеш оној вистинскиот кој може таа искрена солза да ја запре. Дозволено е да сочувствуваш, но откажи се од тешењето зашто со него уште повеќе ќе ја разбуричкаш нивната болка, си велев. Сите споделени тајни со старите ги чував како богатство, тоа не беше мое богатство туку нешто што старото лице посакало да го сподели со мене, а тоа мораше да се почитува. Бев дел од нивното секојдневие и затоа им бев бескрајно благодарна зашто заземаат поголем простор од моето време, така што ми преоставуваше малку време за да размислувам за мојот живот во кој како натрапник влезе тагата. Дружењето со старите често ми доаѓаше како лек.

Најголема тежина почувствував додека ги гледав старите во чии замаглени очи се огледуваше болка, тие кои не можеа да ја подигнат раката да ме поздрават, тие кои не можеа да ме видат, тие на кои веќе и бастунот не им е од корист, тие кои од целта на животот ги делеа само неколку чекори, и ги испишуваа последните подглавја од нивната животна приказна, на тие на кои им догоруваат светилките. Гледајќи ги нив ја препознав патеката на животот која почнува како весел жуборлив поток, кој се влева во немирните бранови на реката, која тивко истекува во бара.

Еден од најтешките денови ми беше кога и самата морав да ја отворам вратата на моето завршување на работниот век и заминувањето во пензија. Разделбата со старите кои дотогаш беа дел од мојот живот, нивните прегратки, албумот со нивните заеднички слики кои ми го подарија во кој со разни бои беа исцртани нивните дланки, направи таква бура од тага при простувањето со нив.

Се има свој крај, се тешев долго време, додека многу наредни утра се будев и копнеев да ги видам. Премногу бев поврзана со нив, го знаев тоа но морав да бидам и благодарна што го дочекав тој момент и кога сега ќе морам да свртам нов лист каде што професионалното чекорење запира, пишувањето за нив ќе продолжи. Можеби тоа им го должам. Тие секогаш ќе останат во моите молитви.

**Росица Митиќ**

# Edhe viti 2021 me shumë aktivitete dhe rezultate

Më 31 mars 2022, Kuvendi i LShPM ka mbajtur seancë. Pikë kryesore ishte Raporti vjetor për punën e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, Raporti financiar dhe Llogaria vjetore për vitin 2021.

Në Raportin vjetor për punën e LShPM, arsyetim të shkurtër ka dhënë kryetarja e Këshillit ekzekutiv i LShPM Stanka Trajkova, e cila ka thënë se në raportin vjetor janë përfshirë të gjitha aktivitetet të cilat Lidhja i ka realizuar gja-të vitit 2021, ndërkaq, janë vënë edhe pjesë nga aktivitetet e Shoqatave të pensionistëve të cilat dërguan raport.

- Në vitin 2021 u krijuan kushte më të mira për punë, nga se pjesa më e madhe e pensionistëve ishin vaksinuar dhe mbrojtur nga virusi COVID 19, për dallim nga viti paraprak.



Një nga detyrat elementare të Lidhjes bashkërisht me Shoqatat ishte që të ndryshojë mënyra e harmonizimit të pensioneve, me qëllim që ato të harmonizohen edhe me rritjen e rrogave, me qëllim që të sigurohet sigurim më i mirë material dhe social i pensionistëve. Për këtë qëllim, Lidhja i ka përcjellë parametrat për lëvizjen e rrogave dhe shpenzimet e jetës dhe ka dhënë propozime për mënyrën e harmonizimit të pensioneve.

Në vitin 2021, Lidhja ka dërguar deri te Ministria për punë dhe politikë sociale dhe Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut Informacion për harmonizimin e pensioneve me variante të mundshme për mënyrën e harmonizimit të pensioneve dhe analizë krahasuese për harmonizimin e pensioneve në republikat tjera të mëhershme jugosllave.

Kjo kërkesë e Lidhjes ishte shqyrtuar nga ana e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe pas dy takimeve të mbajtura me përfaqësues të Qeverisë dhe përfaqësues të pensionistëve nga Lidhja e shoqatave të pensionistëve, është pranuar kërkesa për harmonizim të pensioneve me 50 % nga rritja e rrogave dhe 50% nga rritja e shpenzimeve.

Ligji për sigurim pensionist invalidor, edhe atë në pjesën për harmonizim të pensioneve edhe atë harmonizim i pensioneve të pleqërisë bëhet sipas lëvizjeve të indeksit të harxhimeve të jetës në lartësi të 50% dhe rritjes së pagës mesatare të rrogës së paguar i të gjithë të punësuarit në Republikën e Maqedonisë së Veriut në lartësi prej 50%. Ky është vendim i mirë nga se arrihet balancim në parametrat për harmonizim të pensioneve. Krahas këtij vendimi, Qeveria ka sjellë vendim edhe për shtesë të njëhershme në lartësi prej 1.000 denarë për muajt mars, prill dhe maj 2022 për secilin shfrytëzues pensioni.

Kryetarja Trajkova ka folur edhe për Revyalet e mbajtura me sukses si ato regjional po ashtu dhe republikan të këngëve, muzikës dhe valleve për të cilat Ministria për kulturë për projektin tonë ka lejuar 12.000 denarë si projekt me interes nacional.

Në vitin 2021 u mbajtën edhe lojërat sportive vetëm në 5 disiplina. Për vitin 2022 parashihet që të mbahen të gjitha disiplinat sportive, ndërkaq të lihen vetëm shahu dhe tërheqje e litarit.

Në lidhje me fondin solidar dua të theksoj se në fund të vitit 2021 kishte ndihma pas vdekjes të pa paguara për rreth 4.000 pranues, për arsye të vdekshmërisë së madhe të pensionistëve. Këshilli i organizatës së regjistruar për mjete solidare dhe anëtarësi solli vendim të përkohshëm, që sasia e ndihmës me rastin e vdekjes të jetë 25.000 denarë me qëllim që të shkurtohet koha e pritjes për ndihmën pas vdekjes. Sasia e mbetur prej 5.000 denarë deri më 30.000 denarë do të paguhet shtesë nga data 1 korrik 2022 sipas radhitjes së pritjes.

Në lidhje me bashkëpunimin e partisë politike të pensionistëve dhe Lidhjes, kryetarja Trajkova ka theksuar se Lidhja është organizatë qytetare e cila paraqet tampon në mes qeverisjes dhe qytetarëve dhe në Statutin e Lidhjes nuk ka bazë për bashkëpunim me parti politike. Lidhja bashkëpunon me partinë e cila është në qeverisje, pa marrë parasysh nga cila parti është qeverisja. Lidhja duhet të distancohet nga partia politike me qëllim që ta mbajë integritetin.

Në vazhdim, kryetarja Trajkova, ka folur edhe për aktivitete të tjera me ç' rast ka thënë se ka filluar të emitohet emision për moshën e terë në Televizionin maqedonas, çka është me rëndësi të madhe për pensionistët. Edhe këtë vit janë fituar mjete nga Ministria e kulturës në sasi prej 125.000 denarë për mbështetje për mbajtjen e revyalit regjional dhe Republikan.

Shtëpitë pensioniste gjithashtu janë pyetje e rëndësishme për çka Lidhja dhe shoqatat e pensionistëve kanë parashtruar kërkesë deri te Ministria për punë dhe politikë sociale dhe Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, ngase shtëpitë janë ndërtuar me mjete të pensionistëve dhe duhet tu kthehen shoqatave në shfrytëzim afatgjatë, të cilët më mirë do të kujdesen për ato. Lidhur me këtë kërkesë është marrë përgjigje nga Ministria për punë dhe politikë sociale, se është sjellë program në vitin 2018 për zgjidhjen e këtaj çështje. Lidhja nuk është e kënaqur me përgjigjen ngase programi i sjellë në vitin 2028 është vjetruar dhe për këtë deri më tani asgjë nuk është bërë, prandaj do të angazhohemi edhe më tutje për zgjidhjen e kësaj çështje.

Në lidhje me shtëpitë ekziston dallim në pronësinë. Ka tri lloje pronësie dhe atë pjesë nga shtëpitë e pensionistëve janë pronë e shoqatave të pensionistëve ata të cilat me dokumente e kanë dëshmuar pronësinë dhe kanë lista pronësie, një pjesë janë pronë e shtetit, ndërkaq një pjesë janë pronë e Fondit SPIMV (PIOSM).

Gjithashtu, me mjete nga kontributi nga sigurimi pensionist invalidor të cilën kanë paguar siguruesit e atëhershëm tani janë ndërtuar rreth 40 shtëpi pensionistësh në periudhën nga viti 1963 deri më 1993 dhe për këtë çështje nuk janë zgjidhur raportet pronësore.

Raporti financiar për të hyrat dhe të dalat e realizuara të Lidhjes, si dhe Llogaria vjetore për vitin 2021 pas arsyetimit të shkurtër nga sekretari i Lidhjes Menka Temelkovska, njëzëri është miratuar.

Në seancë janë sjellë Rekomandime për zgjedhjet për 2023/2027, për çka arsyetim të shkurtër ka dhënë nënkryetari i KE i Lidhjes Mentor Qoku, i cili ka thënë se zgjedhjet mbahen në çdo 4 vite dhe ato duhet të mbahen deri në fund të janarit 2023, për arsye të propozimit të përfaqësuesve për zgjedhje anëtarësh në organet e Lidhjes.

**REKOMANDIME PËR ZGJEDHJET NË SHOQATAT E PENSIONISTËVE DHE LIDHJE**

1. Zgjedhjet në organet e Lidhjes dhe Shoqatat mbahen në çdo 4 vite, pa vazhduar zgjatjen e mandateve, as për atë qëllim të ndërrohen statutet e LShPM dhe Shoqatave të pensionistëve.

2. Zgjedhjet e fundit e organeve të Lidhjes janë mbajtur më 29.3.2019.

3. Zgjedhjet në Shoqatat e pensionistëve të mbahen me janarin 2023, për arsye të propozimit të përfaqësuesve për zgjedhje të anëtarve të kuvendit të LShPM, mandate të cilat në Seancën konstituive duhet të verifikohen.

4. Me verifikimin e mandatit, anëtari i Kuvendit fiton të drejtën dhe detyrat që të zgjedh dhe të zgjidhet në organet dhe trupat e Lidhjes dhe të merr pjesë aktive në atë, t' i realizojë vendimet e Lidhjes, të jep iniciativa, propozime dhe sugjerime për zgjidhjen e disa çështjeve dhe problemeve në interes të pensionistëve.

5. Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë dhe anëtaret e sajë si joqeveritare, jopartiake dhe asociacione të pavarura aktivitetet zgjedhore duhet t'i realizojnë pa ndikime partiake dhje llojeve të tjera të presioneve.

6. Përfaqësues nga Shoqatat e pensionistëve zgjidhen nga Kuvendi i shoqatës jo vetëm sipas funksionit, por edhe nga anëtarët tjerë të shoqatës për arsye të plotësimit të pjesëmarrjes më të gjerë delegate në punën e Kuvendit të Lidhjes.

7. Gjatë zgjedhjeve të ardhshme në Shoqatat dhe në Lidhje, vëmendje e posaçme dhe llogari duhet t'i kushtohet përfaqësimi gjinor dhe atij nacional.

8. Për seancën zgjedhore të Kuvendit mbahet procesverbal i cili përmban të gjitha të dhënat për rrjedhën e seancës, për raportet e miratuara, konkluzionet dhe rezultatet nga zgjedhjet në Shoqatat dhe Lidhje.

9. Procesverbali me materialet nga rendi i ditës ruhen në arkivin dhe kanë karakter afatgjatë në pajtim me rregullat e arkivimit.

10. Për zgjedhjet e realizuara të organeve drejtuese është e nevojshme Shoqatat ta lajmërojnë me shkrim Lidhjen përmes dërgimit të materialeve përkatëse dhe akteve për realizimin me kohë të zgjedhjeve në LShPM.

Rekomandimet njëzëri u miratuan.

**K.S.A.**

# Seancë e trupit koordinues i Aktivit të pensionisteve

Trupi koordinues i Aktivit të grave pranë Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, më datë 13.4.2022, ka mbajtur seancën e gjashtë, ndërkaq nikoqir ishte ShP Manastir. Në



seancë e cila ishte në përbërje të zgjeruar, kanë marrë pjesë kryetaret e aktiveve të pensionisteve të ShP Manastir, ShP Prilep, ShP Demir Hisar, ShP Krushevë, ShP Resnjë dhe anëtare të Aktivit të ShP Manastir. Në seancë kanë marrë pjesë edhe kryetarët e ShP Manastir dhe ShP Veles.

Manastiraset ishin nikoqire të mira, mikpritëse dhe organizator të shkëlqyeshëm. Kryetarja e ShP Manastir Dançe Petliçkova, ka mundësuar ambient të shkëlqyeshëm për punë. Kryetaret e Aktiveve ishin të mahnitura që patën mundësin të marrin pjesë në këtë seancë, në të cilën dëgjuan shumë risi dhe kanë ndërruar përvoja. Secila kryetare ka folur për aktivitetet e realizuara, por edhe për vështirësitë me të cilat hasen në përditshmëri, sidomos me vështirësitë të shkaktuar nga Kovid-19, e cila ishte shkak për mosrealizimin e një pjese të aktiviteteve të parapara. Meqë viti 2021 ishte shpallur vit i humanizmit, pjesa më e madhe e aktiviteteve janë zhvilluar në atë drejtim të cilat ishin vullnetare.

- Nëse viti i kaluar ishte shpallur për vit humaniteti, viti 2022 me propozim të kryetares të LShPM, Stanka Trajkova, do të jetë viti i pensionistit rural - ka thënë ajo në fjalën e sajë, Marija Monevska dhe ka sqaruar se gjatë vitit ato tre shoqata të cilat do të bëjnë më shumë vizita pensionistëve rural në Ditën e pensionistëve 20 shtator, do të shpallen si shoqata më të mira për atë. Vizitat duhet të jenë të argumentuara, të shpallura në "Penzioner plus", në rrjetet sociale dhe ngjashëm. Ky propozim është pranuar me kënaqësi nga të pranishmit dhe menjëherë kanë filluar të mendojnë se si, kurë dhe në cilën mënyrë të fillojnë me këtë aktivitet. Me këtë rast kanë vendosur që të kërkojnë nga organet e shoqatave të veta që të ndahen mjete dhe shpenzimet e domosdoshme të cilat do të bëhen gjatë vizitave.

Për dhunën familjare të pensionistëve, të gjithë kanë folur se është e pranishme në hapësirat tona. Fizike, psikike dhe dhunë financiare vuajnë numër i madh pensionistesh nga të afërmit e tyre. Ndihma jonë do të ishte që ti trimërojmë që të flasin për dhunën, ndërkaq na si aktiva dhe shoqata të pensionistëve të gjejmë mënyrë që të ndalet dhuna familjare ndaj pensionistëve.

Në fund të seancës, është mbajtur punëtori, në të cilën Marija Monevska dhe Bllagojka Nastova kanë prezantuar paraqitje të shkurtër të aktiviteteve të deritanishme nga formimi i Trupit koordinues deri më tani. Në mënyrë kronologjike janë radhitur ngjarjet përmes fotografive. Dita mbaroj me shoqërim joformal dhe dëshirën për që të takohen sërish që të mbajnë seancë konstruktive siç ishte kjo.

**M.M.**

SHP Strugë

# Seancë e frytshme raportuese e Kuvendit

Me realizimin e programit vjetor të planifikuar, më 26 mars 2022, Kuvendi pran ShP Strugë, ka mbajtur seancën e rregullt raportuese në përbërje të zgjeruar. Seanca ka filluar me dhënie nderimi anëtarëve të shoqatës cilët kanë ndërruar jetë në periudhën e kaluar, ndërkaq, seancën e ka hapur dhe drejtuar kryetari i KE i ShP Strugë Millorad Tërposki. Delegatët kanë punuar sipas protokolleve për mbrojtje nga Kovid-19.

Në seancë, pos delegatëve ishin të pranishëm edhe kryetarët e dhjetë degëve vendore, kryetari i Këshillit mbikëqyrës Bllagoja Klimoski, kryetari i Komisionit për statut Fikrie Bekteshi, anëtarët dhe kryetarët e komisioneve pranë ShP Strugë, delegati në Kuvendin i KE të LShPM, Daut Hurem dhe Shpresa Hoxha, anëtare e Komisionit për informim dhe veprimtari botuese pranë LShPM.

Në seancën vjetore të Kuvendit ka marrë pjesë edhe delegacioni i vëllazëruar i ShP Krushevë. Në seancë në rend dite ishin paraparë dymbëdhjetë pika edhe atë: Raporti për punën e trupave dhe komisioneve, Raport për punën e Këshillit mbikëqyrës, Raporti për punën materiale - financiare për vitin 2021 dhe miratimi i llogarisë vjetore, si dhe programet për punë. Për raportet dhe propozim - programin, fjalë hyrëse pati kryetari Millorad Tërposki, i cili ndër të tjera ka thënë se viti i kaluar në kushte të pandemisë, ishte mjaftë i rëndë për punë, megjithatë shoqata e ka realizuar Programin e paraparë dhe ka arritur rezultatet të mira.

Delegatët kanë diskutuar për bashkëpunimin me degët vendore si qeliza bazë i organizimit pensionistë. Theks i veçantë i është vënë programit të këtij viti të ShP Strugë. Interesim më të madh te delegatët ka tërhequr pika e njëmbëdhjetë e rendit të ditës, propozim - vendimi për ndryshimet dhe plotësimet në



Statutin e ShP Strugë, për harmonizimin me Statutin e LShPM, respektivisht kryetar i Kuvendit të zgjidhet në çdo të katër vite. Raportin për ndryshimet dhe plotësimet në Statut e ka dhënë kryetari i Komisionit për statut dhe punë juridike Fikrie Bekteshi.

Pas diskutimeve, dokumentet për vitin 2021 janë miratuar njëzëri. Delegatët kanë shqyrtuar edhe për Programin për punë të shoqatës për vitin 2022 dhe Planin financiar, të cilat janë të ngjashëm me vitit të kaluar, me ndryshime të vogla të cilat janë miratuar. Në pjesën përfundimtare, sekretari i shoqatës Izeir Mustafai, ka falënderuar delegatët të cilët ishin në seancë duke ju dëshiruar shëndet.

**Stojan Kukuneshoski**

# Ilaz Haxhiu, aktivist i dalluar



Ilaz Haxhiu, është anëtar i mirë njohur në Shoqatën e pensionistëve Saraj dhe më gjerë. Është i lindur në vitin 1937 në fshatin Rashçe të Shkupit. Është prind i gjashtë fëmijëve, dy djemve dhe katër vajzave, të gjithë të martuar, nga të cilët dy djem dhe një vajzë para shumë viteve janë në punë të përkohshme në Gjermani, ndërkaq, tri vajza janë të martuara në territorin e Shoqatës. E shoqja i ka ndërruar jetë para dhjetë viteve.

Ilaz Haxhiu është nxënës i gjeneratës së parë të pas Luftës së Dytë Botërore 1945/46 kur për herë të parë në fshat hapet shkollë në gjuhën shqipe. Pjesën më të gjatë të punës, nga viti 1964 plot 35 vite i ka punuar në ndërmarrjen "Ujësjellësi dhe kanalizimi" në qytetin e Shkupit, ku si me kualifikime të larta për këtë punë, ishte udhëheqës i grupit të punës. Është pensionuar në vitin 1989.

Pas pensionimit, Ilaz Haxhiu rreth katër viteve ishte anëtar i Shoqatës së pensionistëve në Karposh të Shkupit. Në vitin 2007 ishte një ndër nismëtarët kryesorë për themelimin e Shoqatës së pensionistëve Saraj. Në këtë Shoqatë, që nga themelimi është kryetar i degës Kondovë, në të cilën përfshihen fshatrat: Kondovë, Sullare e Poshtme, Sullare e Epërme, Rashçja, Radusha dhe Dvorca.

Si në degë, po ashtu edhe në Shoqatë, aktivitetet programore i kryen me përgjegjësinë më të madhe. Në Shoqatë është i respektuar nga të gjithë si person me karakter dhe me veti pozitive morale. Ilazi, jep kontribut të madh në realizimin e aktiviteteve programore. Me gjithë moshën që ka, ai shumë mirë vozitën Golf 5, me të cilin nuk kursen shpeshherë pa kompensim të shkoj fshat në fshat për të kryer obligimet si kryetar dege, e më pastaj edhe në ngushëllimet që bëhen nga drejtuesit me rastin e vdekjeve në Shoqatë. Është edhe anëtar i Komisionit për shëndetësi dhe çështje sociale ku gjithashtu jep kontribut të çmueshëm. Me kryetarin e Komisionit Dr. Jovan Deçkov, nuk përton të vozis në disa fshatra për të realizuar aktivitetet nga kjo sferë si: ndarje pakosh ushqimore për pensionistët me pensione të ulëta, nga doktori matja e tensionit dhe sheqerit në gjak, etj.

Ilaz Haxhiu në shtëpi jeton i vetëm nga se siç theksuam më sipër tre fëmijë i ka jashtë, ndërkaq tri vajza të martuara. Në muajin dhjetor dhe janar shkon te djemtë në Gjermani dhe atje kalon rreth dy muaj. Djemtë e lusin që të jetoj atje me ata, por atij i jetohet në vendlindje. Kur është këtu, ai më shumë ditë brenda javës, nuk e len pa u takuar në zyrën e Shoqatës.

Pranë rrugën për në Radushë, te vendi i quajtur "Uji i tharbët", me duart e veta ka ndërtuar një shtëpizë vikendi. Këtu ka tokë në të cilën mbjellë pemë dhe perime. Përveç takimeve në shoqatë për të marrë obligime për aktivitete programore, ai edhe këtu - te shtëpiza e vikendit kalon një pjesë të kohës.

Ilaz Haxhiun, nuk ka kush që nuk e njeh në territorin e shoqatës dhe më gjerë vetëm për të mirë.

**Baki Bakiu**

Интервју со д–р Нерхим Туфекчиоски, специјалист – уролог

# Грижете се за вашето здравје за да бидете што подолго здрави!



● **Почитуван доктор Туфекчиоски, постојат повеќе болести и проблеми поврзани со возрасната популација кај нас, но и во светот, кои се присутни кај машката популација. Најчесто проблемите се поврзани со простатата и ги има речиси секој втор човек над 60 години. На што се должи тоа?**

– Состојбите и болестите на простатата во последново десетолетие се сè повеќе актуелни кај машката популација благодарение на подигање на свеста за машкото здравје. Морам да признаам дека ова се должи и на сè поголемата афирмација од страна на медиумите (пишани или електронски) и нивната достапност помеѓу населението. Имаме дури имаме и месец за подигање на свеста за машкото здравје, ноември, што преку движењето „Movember" (movember.com) со агресивна кампања успева да допре до сите мажи без разлика на возраста. Истражувањата покажуваат дека проблемите поврзани со простатата сè повеќе се појавуваат кај помладата популација, па затоа Европската уролошка асоцијација препорачува прва посета на уролог уште на 45 години, а после 50 година тоа да биде еднаш годишно. Превентивните прегледи се најефикасниот начин да се менаџира состојбата со простатата.

● **Кои симптоми укажуваат на проблеми со простатата и кога треба да се оди на лекар?**

– Најчестите тегоби кои алармираат за состојбата на простатата се: зачестено уринирање, ноќно уринирање, итен нагон, печење и болка при уринирање, ослабен млаз на урина, чувство на недоволна измокреност и сл. Не многу ретко се случува првиот симптом и посета на уролог да биде комплетна ретенција на урина односно неможност за спонтано уринирање кое е причина за катетеризација на мочниот меур.

● **Постојат тестирања кои ја покажуваат состојбата на простатата, но и на уринарниот тракт. Набројте ги најважните кои Вие би ги препорачале.**

– Како што напоменав најдобро е посетата на уролог да биде планирана, како превентивен преглед т.н „Check-up" каде урологот ќе земе детална анамнеза и ќе направи уролошки преглед, ултразвук на уринарен тракт и простата и ќе назначи лабораториски анализи на крв и урина. По потреба може да се назначат и дополнителни анализи или да се направат инструментални иследувања на уринарните органи како цистоскопија, урофлоуметрија, биопсија и сл. Да не ја заборавиме и примената на компјутеризирана томографија, магнетна резонанса, скен на уринарни органи со радиоизотопи и др.

● **Кои најчесто болести и состојби се детектираат во оваа област?**

– Кај повозрастната популација најчесто се детектираат заболувања на простатата како Бенигна простатна хиперплазија (ВРН), воспалителни заболувања на простата (простатити, простатоциститi) и на мочен меур (инфекции на уринарните органи како и малигни заболувања на простата (карцином на простата) и на другите органи од уротрактот.

● **Постојат повеќе начини на лекување кои се применуваат денес? Кажете ни нешто за нив.**

– Пациентите со немалигни заболувања на простата најчесто ги лекуваме конзервативно со медикаменти за простата, антибиотици, НСАИЛ (нестероидни антиинфламаторни медикаменти, лекови за болка и друго), но и хируршки т.е правиме операции на простатата. Типот на операција најчесто го одредува дијагнозата, возраста, општата состојба на пациентот и друго.

Ендоскопските операции најчесто се прават при ВРН. Преку природните отвори се стига до простатата и истата се ресецира со помош на електрокоагулација, ласер или ултразвук.

Кај малигни заболувања на простата се прават т.н радикални операции како радикална отворена или лапароскопска простатектомија која изискува услови во болница, оперативен тим, искуство и умења на операторот, постоперативни грижи и менаџмент на пациентот. Во болницата „8 септември" се работат и двата типа на операции со голем број успешно завршени оперативни третмани кај пациенти.

Кај ендоскопските операции, постоперативните грижи обично траат околу една недела, пациетот носи уринарен катетер и престојува во болница. Урологот прави процена, после која се вади уринарниот катетер и започнува т.н адаптивен период од околу три месеци за да може пациентот да се навикне на новата состојба после операција. Обично продолжува третманот со лекови, најчесто антибиотик,тамсулозин лек за болкаи друго. По овој период најголем дел од пациентите не примаат терапија, но треба да продолжат со прегледи на уролог за понатамошно следење на состојбата и одредување на ПСА (простатичен специфичен антиген) со анализа на крв.

Кај радикалните операции на простата, најчесто заради малигна болест, состојбите се различни бидејќи кај нив се прават поагресивни операциони зафати кои изискуваат подолг постоперативен период и грижи. После овие операции уринарниот катетер се вади после 9–11 ден, односно после добро закрепнување на пациентот, извадени оперативни дренови, уредни лабораториски и биохемиски анализи и друго. Кај овие пациенти периодот на адаптација после оперативното лекување е подолг, враќањето на контролата на уринирање може да трае до една година постоперативно. Имаме случаи каде нема целосна контрола врз уринирањето бидејќи ова е еден вид несакан ефект од самата операција. После излегување на патохистолошкиот наод некои од пациентите добиваат онколошка медикаментозна или радиотерапија, додека кај други не е потребно.




Многу е важно тие да продлжат со редовни контролни и превентивни прегледи каде би се следела состојбата заради појава на рецидивна болест и навремено вклучување на онколошка терапија. Исходот зависи од стадиумот на болеста, видот на туморот, возраста, општата состојба и коморбидитети, умешноста на оперативниот тим, постоперативните грижи и др.

● **На крајот што ќе им препорачате на нашите читатели од машкиот пол?**

– Неколку зборa би сакал да посветам за оние пациенти кои имаат контраиндикација за операција, па истата не може да се изврши, Кога станува збор за БПХ и неможност за спонтано уринирање ние пласираме уринарен катетер преку кој се празни урината од мочниот меур. Пациентите доаѓаат секој месец за промена на катетарот во амбулантите за урологија. Неспорно е дека квалитетот на живот кај нив е променет, но со време повеќето се навикнуваат особено ако се следат советите на уролог и редовно и навремено се врши промена на катетерот. Пиењето течности минимум 1,5 литар на ден е еден од најважните совети до кој треба да се придржува секој пациент кој носи уринарен катетер. Урологот во зависност од состојбата на пациентот одредува и употреба на антибиотик, но исто така и дополнителни анализи како ултразвук, микробиолошки анализи на урина, одредување ПСА и сл. Доколку има потреба се назначуваат и други иследувања.

Пациентите со малигна болест кај кои не може да се изврши оперативно лекување, се упатуваат да продолжат со онколошка терапија и редовни контролни прегледи.

Уринарните инфекции се многу честа причина за посета на уролог. Тие се најчесто бактериски, но може да бидат и вирусни, габични или од паразити. Постојат и небактериски воспаленија, најчесто на простата и мочниот меур, кои бараат посебен третман. Употребата на антибиотици е неминовна, трае подолго од вообичаената употреба за други инфекции и се комбинира со останатите медикаменти за симптоми од долни уринарни патишта.

Начинот на живот, исхраната, физичката активност, доволен внес на течности,топлата облека во студените месеци многу влијае во менаџментот на пациентите со заболувања и симптоми од долни уринарни патишта (простатити, цистити, БПХ, хиперактивен мочен меур, уринарни инконтиненции и сл.).

Во денешно време посетата на уролог за да се соопштат тегобите и симптомите не е табу, а на радост на сите нас мажите оваа декада е посветена на подигање свеста за машкото здравје. Голема благодарност до сите кои земаат учество да се промовира навремената посета на уролог бидејќи само на тој начин може навремено да се открие дадено заболување и да се превземат соодветни чекори за негово лекување. На крај сакам да потенцирам дека карциномот на простата е заболување кое на почеток не дава симптоми или се слични на оние кај немалигни заболувања на простата или зголемена простата. Редовната посета на уролог најмалку еднаш годишно ни дава можност за рано откривање на заболувањето, оперативно лекување и излекување.

**К.С. Андонова**

# Како правилно да купите „флаширана вода"?

Пластичните шишиња секогаш имаат информации на нивните етикети за видот на пластиката од која се направени. Оваа информација е многу важна. Бидејќи пластиката испушта хемикалии од различен степен на опасност во содржината на шишето. Секое шише има еден од овие симболи на својата етикета:

**PET или PETE** – Ова се шишиња за еднократна употреба. Тие можат да испуштаат тешки метали и супстанции во течноста, кои влијаат на хормоналната рамнотежа на една личност. PET – најчесто користениот вид пластика во светот. Важно е да се запамети дека тој е само за ЕДНОКРАТНА употреба. Ако користите вакво шише за понатамошно полнење вода, подгответе се дека некои алкални елементи можат да навлезат во вашето тело и голема количина бактерии, кои PET–от едноставно ги обожаваат.

**HDP или HDPE** – Ова е многу добра пластика, која практично не испушта никакви штетни матери. Експертите препорачуваат, доколку е можно, да се купи вода во такво пакување. И безбедна и еколошки прифатлива: затоа што сета оваа пластика се рециклира. Овој вид пластика најчесто се користи за складирање млеко, играчки, детергенти, како и за производство на одредена количина пластични кеси.

**PVC или V** – Артиклите направени од овој материјал ослободуваат најмалку две опасни хемикалии. И двете имаат негативен ефект врз хормоналната рамнотежа. Тоа е мека флексибилна пластика, која се користи за складирање на растително масло. Се користи и за правење блистер пакувања за големи количини на стоки за широка потрошувачка. Од неа се прават пластични цевки и делови од санитарна опрема. ПВЦ материјалот е релативно имун на директна сончева светлина и временски услови, па затоа често се користи за изработка на прозорски рамки и цревa за наводнување. Сепак, експертите препорачуваат да се воздржите од нејзино купување, доколку може да се најде друга алтернатива.

**LDPE** – Оваа пластика се користи за правење шишиња и пластични кеси. Не испушта хемикалии во водата, која е складирана во неа. Но, таа е безбедна само како амбалажа за пакување вода. Подобро е да не купувате кеси направени од овој материјал во продавниците и супермаркетите: можете да го внесете во вашиот организам не само она што сте го купиле, туку и некои многу, многу опасни хемикалии за вашето срце.

**PP** – Оваа пластика е од бела или проѕирна боја. Се користи како пакување за јогурти или сирупи. Полипропиленот е вреден како топлинска изолација. Кога се загрева, не се топи. Тој е релативно безбеден.

**PS** – Често се користи во производството на пластични чаши за еднократна употреба, и како амбалажа за пакување за брза храна. Но, кога се загрева, ослободува опасни хемикалии. Полистирен – евтин, лесен и прилично издржлив вид пластика, кој не е погоден за долгорочно складирање топла храна и пијалаци.

**PC или пластика без посебни карактеристики** – Ова е најопасниот вид пластика. Се користи за производство на шишиња за вода и пакувања за храна. Категорично не се препорачува да се чува храна и вода во садови направени од поликарбонат: ослободува бифенол А – позната супстанца која го уништува вашиот ендокрин систем. Го потиснува производството на естрогенски хормони. И уште нешто: пред да купите што било, во КОЈА БИЛО пластична амбалажа, размислете добро. Сепак, стаклото е најбезбедно.

**Б.А.**

# Што е тинитус

Најновите истражувања покажуваат дека околу 10 отсто од возрасните имаат проблем со тинитус/зунење на уши, додека оваа појава е нешто почеста кај постарите и кај мажите. Тинитус е феномен кога го чувствувате звукот без присуство на надворешен звучен стимул. Односно, човекот тогаш го слуша она што го нема. Причините можат да бидат различни: може да има промени во крвните садови на главата и вратот, грчеви на мускулите на средното уво, болести на самото уво, повреди на главата или вратот, мултиплекс склероза, заразни болести, ... Но и употребата на одредени лекови.

Покрај тоа, тинитус се јавува кај луѓе со висок крвен притисок, но и кај луѓе со слаба циркулација. Доколку се појави тинитус поради слаба циркулација во ушите, овие луѓе треба да го исфрлат кофеинот, цигарите, алкохолот и да го намалат внесот на сол од својот живот. Постојат неколку причини зошто може да се појави тинитус.

**Гласна музика.** Да, гласната музика навистина може да создаде проблем. Тинитусот како последица на слушање гласна музика е губење на слухот предизвикано од бучава. Тоа е главно привремен проблем и луѓето може да очекуваат да закрепнат до 72 часа. Ако сте изложени на гласна музика или бучни градежни работи, размислете да користите чепчиња за уши.

**Премногу восок.** Восокот ги штити нашите уши и има антибактериски својства. Но, неговата акумулација може да предизвика губење на слухот, што може да доведе до тинитус. Откако вашиот лекар ќе ги исчисти вашите уши од вишокот восок, вашиот слух се подобрува и тинитусот исчезнува.

**Инфекција.** Настинка или инфекција на увото или синусите може да предизвика звонење. Лекувањето на инфекцијата ќе го подобри вашиот слух и ќе се ослободи од иритирачкиот звук.

**Лекови.** Тинитусот може да биде несакан ефект на одредени лекови, како што се антибиотици, нестероидни антиинфламаторни лекови и диуретици, па дури и аспирин. Покрај тоа, лековите базирани на кинин, исто така, може да предизвикаат тинитус. Разговарајте со вашиот лекар ако земате некој од овие лекови и ако ви звонат ушите.

**Повреда на главата.** Причина за тинитус може да биде и удар во главата. Таквата повреда може да доведе до крварење зад тапанчето, кое се повлекува за околу шест недели, кога слухот ќе се опорави.

**М. Дамјаноска**

# Смоларски Водопад - ретка убавина скриена на Беласица

**Смоларскиот Водопад** е сокриен меѓу столетните букови дрвја на северните падини на планината Беласица. Долж планинската патека триста скалила ве очекуваат да се искачите на надморска висина од 600 м. За да дојдете до водопадот, треба да патувате по тесен, кривулест пат во регионот на селото Смолари, по долниот тек на реката Ломница, познатата и како Смоларска Река. Смоларе е како повеќето села во Македонија, мало село во кое живеат љубезни и гостопримливи луѓе. Локалци што ја чуваат руралната традиција, а искачувањето кон водопадите открива прекрасна глетка на Струмичката Котлина.

Овој е единствениот постојан водопад во Македонија. Со висина од 39,5 метри, Смоларски Водопад е највисокиот во земјава. Тој претставува геоморфолошка, геолошка и хидролошка посебност. Водопадот е тектонски предиспониран со раседна структура која лежи попречно на правецот на течењето на водата на Смоларска Река. На дното од водопадот формиран е џиновски лонец, чија должина во правец на течењето на речната вода изнесува 5 метри, широчината е 11 метри, а длабочината се движи од 0,5 до 0,7 метри. Доколку сте обучен љубител на екстремни спортови, како што е кањонскиот спорт, тогаш со потребната алпинистичка опрема може да се впуштите во предизвикот да се спуштите по должината на Смоларски Водопад. Адреналинот загарантирано ќе се покачи.

**Сведоци на чудесна природна убавина на Смоларски Водопад**

На патот кон Смоларски Водопад ќе наидете на мал пазар од каде можете да купите локални производи. Населението е секогаш таму да ви понудат локални пиперки, јаболка, крабставици и уште многу вкусни и здрави производи. Планинската патека што води до водопадот е прекрасна можност да ја засведочите чудесната природна убавина околу вас. Наеднаш ќе го видете Смоларски Водопад како паѓа по мазна карпа. Водата која е бела од брзината на паѓање е во контраст со мазната црна површина на планината Беласица.

Од врвот на Смоларски Водопад водата паѓа во базен на дното при што ослободува освежителна пареа која доаѓа до платформата за набљудување. На враќање назад можете да застанете да одморите или да каснете нешто долж патеката. Или едноставно да уживате во прекрасната шума околу вас. Ве очекува уште едно застанување враќајќи се назад на пазарчето за да купите домашно изработени слатка и свеж мед како и прекрасни сувенири, но и да се поздравите со новите пријатели. Дружете се со природата – здраво е.

**М.Д.**


Кредит за
пензионери
до 75 години
До 120 000 ден. на 36 месеци
Севкупен трошок 2 929 денари
Земи 30 000 денари
Врати 32 929 денари на 4 рати
Аплицирај за кеш кредит во експозитура, на www.iutecredit.mk, преку мобилната апликација MyIute или на телефон 13 333. Ние ќе ти помогнеме при аплицирањето.
Парите се достапни за 15 минути.
iutecredit


Пензија на 1-ви!
Станете корисник на услугата Пензија на 1-ви и очекувајте ја Вашата пензија порано од сите други.
Понуда и услуги за пензионери:
· Потрошувачки кредит за пензионери со фиксна каматна стапка во првите ДВЕ години почнувајќи од 6,75% и вклучена полиса за животно осигурување;
· Максимален износ до 300.000 МКД;
· Трансакциска сметка и дебитна картичка;
· Без надоместок за следење на Електронско банкарство.
За дополнителни информации посетете ја нашата веб-страница www.sparkasse.mk или информирајте се преку Контакт центарот на телефонскиот број 02-3200-600.
SPARKASSE Bank
Банка на вашето семејство
*Клиентот при доспевањето на последната рата од кредитот може да има максимум полни 70 години.
14,28% СВТ за потрошувачки кредит на износ од 300.000 МКД; рок на отплата 6 години; фиксна каматна стапка од 6,95% п.а. за првите две години и променлива каматна стапка од 8,75% п.а. за преостанатиот период; трошоци за апликација 1.000 МКД; провизија за одобрување на кредитот 1.000 МКД и премија за животно осигурување за лице на 64 години од 42.229МКД (според условите на осигурителната компанија). Врз висината на СВТ влијае рокот на отплата на кредитот, износот на кредитот, надоместоците за аплицирање и обработка на барањето за кредит, премијата за животно осигурување како и висината на номиналната каматна стапка.




## ЗАНИМЛИВОСТИ

### Цитати од Вандана Шива

* Вандана Шива е родена на 5 ноември 1953 и таа е индиски научник, активист за животната средина, борец за независно производство на храна и автор против глобализацијата.

„Диверзитетот создава хармонија, а хармонијата создава убавина, баланс, изобилие и мир во природата и општеството, во земјоделството и културата, во науката и политиката“.

„Дојдено е времето да се врати украдената жетва и да се слави раснењето и давањето храна како најголем дар и најреволуционерен акт“.

„Еднообразноста не е начинот на природата, диверзитетот е начинот на природата“.

„Ние или ќе имаме иднина каде што жената ќе води кон воспоставување мир со Земјата или воопшто ќе нема иднина за човекот“.

„Ние ја делиме оваа планета, нашиот дом, со милиони други видови. Праведноста и одржливоста заедно подразбираат да не користиме ресурси повеќе отколку што ни е потребно“.

„Семето не е само извор на живот. Тоа е основата на нашето постоење“.

„Земјата, а не маслото (soil, not oil), ја држи во себе иднината на човештвото“.

„Во природната економија, валута не се парите, туку животот“.

„Се придвиживме од мудрост кон знаење, а сега се движивме од знаење кон информација, а таа информација е толку делумна – така што формираме некомлетни човечки битија“.

„Природата се намалува со растот на капиталот. Растот на пазарот не може да ја реши кризата што самиот ја создава“.

„Сметам дека она што си го должиме едни на други е славење на животот, така што ќе го замениме стравот и безнадежноста со бестрашност и радост“.

„Генетскиот инженеринг никогаш не служел за да се спаси светот, туку да се контролира светот“.

„Ти не си Атлас кој го носи светот на своите рамена. Добро е да се потсетиме дека токму планетата те носи тебе“.

„Не е инвестиција, доколку ја уништува планетата“.

„Не можеш да внесеш ген кој си го земал од бактерија во семе и тоа да го наречеш ЖИВОТ. Ти не создаде живот, туку само го загади“.

„Завршокот на консумеримот и натрупувањето е почеток на радоста на живеењето“.

„Доколку ја правиш вистинската работа за земјата, таа ти дава прекрасно дружење“.

„Демократијата на Земјата ги поврзува луѓето во кружници на грижа, соработка и сочувственост, наместо да бидат поделени преку компетитивност и конфликт, страв и омраза“.

„Патријархатот се базира на присвојување на правата, а оставање на одоговорноста на другите“.

„Во традиционалното земјоделство, земјата е мајката. Таа е мајката која дава, и на која мора да ѝ воздадеш“.

**М.Б.**

## КРСТОЗБОР

| СЗ ПМ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | СЗ ПМ | 7 | 8 | 9 | СЗ ПМ | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | | | | | | | 17 | | | | 18 | | | | | | |
| 19 | | | | | 20 | | | | | | | | 21 | | | | |
| 22 | | | | 23 | | | | | 24 | | | | | 25 | | | |
| СЗ ПМ | 26 | | | | | | 27 | | | 28 | | | | | | 29 | |
| 30 | | 31 | | | | | | 32 | | | 33 | | | | | | 34 |
| 35 | | | | 36 | | | | | 37 | | | | | 38 | | | |
| 39 | | | | | 40 | | | | | | | | 41 | | | | |
| 42 | | | | | | | 43 | | | | 44 | | | | | | |

**Хоризонтално:** 16.Складиште или стовариште на дрва; 17. Сврзник; 18. Општина која го претставува урбаното јадро на Скопје;19. Главен и најголем град во Украина; 20. Македнски револуционер, учител и учесник во Илинденското востание, Ѓорѓи (1876–1906); 21. Сојузна држава на Бразил; 22. Погодок во некои спортови; 23. Град во Франција; 24. Вид слатководна риба; 25. Англиски шаховски велемајстор, Џон (1956); 26. Арома; 27. Преноќиште; 28. Почеток; 29. Знак за грам; 30. Хемиски симбол за кислород; 31. Името на шведско–американската глумица Гарбо (1905–1990); 32. Името на италијанско–францускиот глумец и пејач Монтан (1921–1991); 33. Неспокојство; 35. Работа (срп.) 36. Каша од шеќер, скробен сируп, вода и средство за желирање; 37. Муслиманско машко име; 38. Старогрчки јунак, син на Зевс и Егина; 39. Шумско рогато животно; 40. Преспанско село; 41. Владетел во емират; 42. Името на шведскиот фудбалски работник и претседател на УЕФА Јохансон (1929–2019); 43. Вид додаток на јадење; 44. Северен елен (мн.).

**Вертикално:** 1.Декаграм (крат.); 2. Град во Франција; 3. ПРАЗНИК НАД ПРАЗНИЦИТЕ, ВОСКРЕСЕНИЕ НА ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС; 4. Првата и третата буква; 5. Автознак за Романија; 6. Почетно наставно и научно звање на универзитет или научна институција; 7. Руско женско име; 8. Автознак за Карловац; 9. Подземниот свет во Стариот Рим; 10. ПРАЗНИК ЦВЕТОНОСНА НЕДЕЛА И ВРБИЦА, ВЛЕГУВАЊЕ НА ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС ВО ЕРУСАЛИМ; 11. Автознак за Шпанија; 12. Хемиски симбол за ниобијум; 13. Сума исплатена за уметничко дело за секоја негова изведба; 14. Митолошка земја во која според Одисејата живеела Кирка; 15. Степен, 17. Управен одбор (крат.); 18. Еко логистик сервис (крат.); 20. Град во Белгија; 21. Цена што се плаќа за привремено користење на нешто; 23. Исти согласки; 24. Грчка буква; 25. Република Македонија (крат.); 26. Граблива птица; 27. Аждер; 28. Валцер; 29. ?ешки писател, Карел (1859–1926); 31. Град во Франција; 32. Префикс со значење „бивш“ 33. Хрмиски симбол за германијум; 34. Езеро во Канада; 36. Предлог; 37. Основна организација (крат.); 38. Електрон–волт (крат.); 40. Знак за радиус; 41. Согласка.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**Решение:** Дрвара, ако, Центар, Киев, Сугарев, Баиа, гол, Лион, клен, Нан, мирис, ан, старт, г, О, Грета, Ив, немир, рад, желе, Алим, Еак, елен, Наколец, емир, Ленарт, сос, ирваси.

## Хумор

Трпана оди кај јасновидка:

– Памтите ли, дека пред три години ми предвидовте, дека ќе имам три деца и маж?

– Памтам, да.

– Дојдов да прашам, деца имам, кога ќе имам и маж?!

* * *

Баба отишла на доктор и го потпрашува докторот:

– Докторе да ви кажам нешто. Медицинава стварно напреднала многу со годините.

Кога бев млада морав да се соблечам до пола за да ме прегледаат, сега доволно е да го исплазам јазикот.

* * *

Малиот Трпе го прашува татко му:

– Тато, знаеш што е папучар?

– Не!

– Па, изгаси ја правосмукалката да ти кажам!

* * *

Влегува лектор во сендвичара:

– Здраво ќе може еден хамбургер?

– Да, со све?

– Без „в“.

* * *

На попис ја прашуваат Трпана:

– Што работите, госпоѓо?

– Јас сум комшивка.

– Каква професија е тоа, што прави комшивката?

– Па мрази, завидува, колне, се жали...

* * *

Застанува Трпе да се измери на вага и го вовлекува стомакот.

– Тоа нема да ти помогне – му вели Трпана.

– Помага, помага. Инаку не можам да ги видам бројките.

* * *

Наставничката во школо го прашува малиот Трпе:

– Трпе зошто немаш домашна?!

– Не сме ја свариле уште наставничке! Викендов ќе биде готова, колку литри сакате?

* * *

Поп лета во авион и стјуардесата го прашува:

– Попе, ќе се напиете нешто? Има виски, коњак, вино?

– На која висина летаме?

– 8 илјади метри.

– А не, фала, многу сме високо, шефот може да ме види.

* * *

Цветко ѕвони среде ноќ на матичниот лекар:

– Докторе изгледа жена ми има воспалено слепо црево...

– Не е можно! Пред две години и го извадија слепото црево на жена ти, а јас досега не сум слушнал некој да има две слепи црева!

– А за втора жена си слушнал ли?!

* * *

Попот го сретнал Трпе и му вели:

– Денеска венчав три пара, и сега седум срца се исполнети со радост!

– Попе, сакаш да кажеш шест срца.

– Ти да не мислиш дека ги венчав без пари?!

* * *

Учителката ги прашува децата што би сакале да бидат кога ќе пораснат:

– Трпе ти што сакаш да бидеш кога ќе пораснеш?

– Јас учителке сакам да бидам успешен и на жена ми да и купам јахта, дијаманти, замок, ферари...

– Браво Трпе, убаво. А ти Цвето?

– Јас учителке сакав да бидам космонаутка, ама сега сакам да бидам жена мј на Трпе!

* * *

Малиот Трпе ја прашува мајка си:

– Мамо каде е кравата на тато?

– Што збориш сине, татко ти нема крава.

– Е како нема, кога преѓеска и кажа на комшивката дека има подобро тело од неговата крава!

## Еленот и грмушките

Еленот бегајќи од ловџиите се сокрил во едни грмушки. Кога поминале ловџиите, еленот почнал да ги јаде лисјата на грмушките. Ловџиите забележале дека нешто шушка и мрда во грмушките, се вратиле и го убиле еленот. Пред да умре еленот прошепотил:

– Така ми треба кога ги јадам лисјата од грмушките што можеа да ме спасат.



ЗП Прилеп

# Милка ја сакаат сите

Меѓу деветнаесетте претседателки и претседатели на ограноците на Здружението на пензионерите во Прилеп, претседателка на огранокот „Центар“ е Милка Ѓореска. 68–годишната пензионерка Милка е прва жена претседател на овој огранок на здружението. Пред да се пензионира била вработена во Текстилната индустрија „Биљана“, видела дека не е тоа што го сака и може, па почнала да работи во сопствената слаткарска работилница. За оваа професија која ја работела околу 30 години, кажува со посебно задоволство.



– Не дека за слаткарството ми е мило да зборувам, ама тоа навистина ми беше сладок и убав живот поминат како занаетчија. Не знам колку илјади еклери правев во денот. Мислам дека уште ме болат рацете од стегање на шприцот за формирање на слатките. Не знам колку слатки сум направила во животот, но знам дека сите муштерии беа многу задоволни од нашите тогашни производи.

За нејзиното општествено ангажирање ќе ви каже дека, не може да седи така без работа и затоа се ангажирала во ЗП Штип каде што е веќе втор мандат, поточно осум години е претседателка на огранокот „Центар“ каде што членуваат околу 800 пензионери. Разговорот го продолжува за активноста на нејзиниот огранок.

– Активни сме како одбор, но не е в ред да кажувам за себе. Пензионерите се разбира бараат секогаш по нешто, само лани преку нашиот огранок им беа поделени околу четириесетина ваучери за набавка на прехранбени производи. Сите улици во нашиот огранок ги знам, такаречи ги познавам и сите пензионери. Знам кој колкава пензија има.

Инаку пензионерите најголем интерес имаат за екскурзиите, кој овие две години е намален заради ковид–19. Се интересираат и за бањско лекување, за спортски и други активности, а посебно за документи што треба да ги достават за добивање еднократна помош преку нашето здружение. Малку ми паѓа потешко што на подрачјето на нашиот огранок има доста станбени згради. Во нив живеат доста пензионери и, се разбира, за некои активности мора да се посетат сите, – вели Милка.

Милка Ѓореска е активна и во Активот на жени при прилепското пензионерско здружение. Учествува, во речиси сите активности што ги организира Активот. Секогаш е прва и покажува интерес за многу акции што се организираат во Здружението. За активноста на Милка Ѓореска посебни суперлативни зборови има и претседателот на ЗП Прилеп Славко Трајкоски.

– Мислам, барем јас имам таков впечаток, – вели Трајкоски, – дека Милка ја сакаат сите!!

**К. Р.**

ЗП Сарај

# Иљаз Хаџиу, истакнат активист



Иљаз Хаџиу е добро познат во Здружението на пензионерите Сарај и пошироко. Роден е во 1937 година во Рашче – Скопско. Родител е на шест деца, два сина и четири ќерки, двата сина и едната ќерка пред многу години заминале на времена работа во Германија, а трите ќерки со семејствата живеат тука. Сопругата му починала пред десет години.

Иљаз Хаџиу е ученик на првата генерација кога по Втората светска војна 1945/46, за првпат во селото се отворило училиште на албански јазик. Најдолг временски период, почнувајќи од 1964, полни 35 години работел во претпријатието „Водовод и канализација“ на град Скопје, каде што како висококвалификуван од оваа област бил раководител на работна група. Се пензионирал во 1989 година.

По пензионирањето Иљаз Хаџиу, околу четири години бил член на Здружението на пензионерите Карпош во Скопје. Во 2007 година е еден од главните иницијатори за формирање на Здружението на пензионерите Сарај. Од формирањето е претседател на огранокот Кондово каде што се опфатени селата: Кондово, Долно Свиларе, Горно Свиларе, Рашче, Радуша и Дворце.

Како во огранокот, така и во Здружението програмските активности ги извршува со најголема одговорност. Тука е почитуван како човек со позитивен карактер и морални особини. Иљаз, дава голем придонес во остварувањето на програмските дејности. И покрај годините тој сè уште вози голф 5, со кој често пати и без надомест патува по селата и ги извршува задачите како претседател на огранокот. Тој е и член на Комисијата за здравство и социјални прашања каде што исто така се истакнува со својата активност. Заедно со претседателот на комисијата д–р Јован Дечков, оди со својот голф по селата и учествува во доделување пакети со прехранбени артикли за пензионери со ниски примања, додека докторот им помага на пензионерите со мерење притисокот, шеќер во крвта и др.

Иљаз Хаџиу дома живее сам. Во месеците јануари и февруари оди кај синовите и ќерката во Германија и таму поминува околу два месеца. Иако тие сакаат нивниот татко да остане и да живее таму, но тој не сака, негова желба е да живее овде во своето родно место. Кога е тука, во текот на неделата навраќа во седиштето на Здружението.

Покрај патот за Радуша, во местото наречено „Кисела Вода“, со свои раце изградил викенд–куќичка. Таму одгледува овошје и зеленчук. Покрај активностите во Здружението и овде во викендичката поминува добар дел од времето.

На територијата на Здружението и пошироко, не постои човек кој не го познава Иљаз Хаџиу и тоа само за добро.

**Баки Бакиу**

**П Р Е Г Л Е Д**

**За одржување на 26-те регионални спортски натпревари 2022 година**

| **Ре-гион** | **ЗП учесници во спортските натпревари по региони** | **Домаќин и датум** |
|---|---|---|
| 1. | ЗП: Центар, Кисела Вода, Чаир, Солидарност–Аеродром, Гази Баба, Бутел, Шуто Оризари, Воени пензионери и Илинден | **ЗП Кисела Вода** 5 јуни |
| 2. | ЗП: Гостивар, Тетово, Сарај, Ѓорче Петров, Карпош, Тафталиџе и ОВР на РМ | **ЗП ОВР на РМ** 9 јуни |
| 3. | ЗП: Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар | **ЗП Демир Хисар** 14 јуни |
| 4. | ЗП: Охрид и Дебрца, Струга, Дебар, Македонски Брод, Вевчани, Кичево и Лабуништа | **ЗП Дебар** 19 јуни |
| 5. | ЗП: Кавадарци, Велес, Неготино, Гевгелија, Демир Капија, Богданци, Валандово и Дојран | **ЗП Валандово** 28 мај |
| 6. | ЗП: Куманово, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип и Злетово | **ЗП Крива Паланка** 21 мај |
| 7. | ЗП: Радовиш и Конче, Штип, Струмица, Свети Николе, Лозово и Ново Село | **ЗП Лозово** 22 мај |
| 8. | ЗП: Кочани, Берово, Пехчево, Виница, Македонска Каменица и Делчево | **ЗП Мак. Каменица** 16 јуни |

Седница на Координативното тело

# Конструктивна седница на Координативното тело на активи на пензионерки

Координативното тело на Активот на пензионерки ја одржа шестата седница на 13.04. 2022 година, а домаќин



ЗП Битола. Седницата се одржа во проширен состав со претседателките на Активите на пензионерки на ЗП Битола, ЗП Прилеп, ЗП Демир Хисар, ЗП Крушево, ЗП Ресен и членки на Активот на ЗП Битола. На седницата присуствуваа и претседателите на ЗП Битола и ЗП Велес.



По усвојување на дневниот ред и записникот од петата седница на Координативното тело, започна расправата по дневниот ред: Актуелна состојба во работата на Активите на пензионерки по здруженија; Посета и помош на пензионери од руралните средини; Поддршка на Активите на пензионерки за обезбедување на средства за покривање на патни и други трошоци во одвивање на активности при посета на член од рурална средина; Семејното насилство врз пензионерите.

Секоја претседателка зборуваше за своите реализирани активности, но и за потешкотиите на кои наидуваат во секојдневието, а особено за тешкотиите предизвикани од ковид–19, која беше причина за нереализирање на дел од предвидените активности.

– Ако минатата година беше прогласена за хуманитарна година, оваа 2022 година по предлог на претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова, ќе биде година на руралниот пензионер. Семејното насилство на пензионерите, е присутно на нашите простори. Физичко, психичко и финансово насилство трпаат не мал број пензионери од своите најблиски. Наша помош би била да ги охрабриме да зборуваат за насилството а ние како Активи и здруженијата на пензионери да најдеме начин да се стопира семејното насилство врз жртвите пензионери, – рече во своето излагање, Марија Моневска и истакна дека во текот на годината оние три Здруженија на пензионери кои ќе направат најмногу посети на рурални пензионери, на Денот на пензионерите – 20 септември, ќе бидат прогласени за најдобри здруженија за таа активност. Овој предлог беше прифатен со одушевување од присутните.

Се истакна дека 2021 година беше прогласена за година на хуманитарност, така да поголем број од активностите што се одвиваа беа волонтерски и социјално хуманитарни. На крајот од седницата се одржа мала Работилница на која се презентираа досегашните активности на Координативното тело.

**Марија Моневска**

# Емисија „Трето доба“ на МТВ 1

Емисијата „Трето доба“, исполнета со многу емоции и спомени, со теми посветени на старите, лица од третото доба, кои се извор на животни мудрости и спокој и од секојдневниот живот на пензионерот, уредена и презентирана од водителката Јасмина Никова, која и досега работеше посветено и со љубов кон пензионерската популација целта е, да се разбере подобро животот и неговите вредности на пензионерот. Преку учество во емисијата на повеќе претставници, како релевантни соговорници за овие теми, преку нивно споделување и нивните гледишта за лицата од третата доба, зрелоста, поминатото време и она што е нивно секојдневие, ќе бидат презентирани најразлични теми во корист на пензионерите. Емисијата има големо



значење за информирањето на пензионерите за работата на СЗПМ и здруженијата на пензионери. Непрекинатата соработка со медиумите, како и оваа емисија, претставуваат дел од Програмата на Сојузот, а сè со цел, по добро информирање на пензионерите и јавноста за активностите и резултатите на лицата од третата доба. Покрај сè, во емисијата ќе бидат поместени најразновидни содржини и настани за пензионерите, како го исполнуваат слободното време и активното стареење во третата доба. Емисијата „Трето доба“ се емитува на првата програма на МТВ секоја прва сабота од месецот премиерно со почеток во 13,20 часот, додека секоја втора сабота ќе се емитува реприза.

**Васил Пачемски**

Разговор со Зоран Котевски, директор на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар

# Радоста од реализираните активности на пензионерите - заслужува почит и восхит

Добрата соработка е повод за разговор со директорот на Домот на културата „Илинден“ од Демир Хисар со Здружението на пензионери Демир Хисар.



– Домот на културата како институција од областа на културата е отворен за сите здруженија на граѓани, невладини организации и други институции кои се во допир со културата во секаков вид. Покрај другите активности и обврски, во делокругот на нашата работа е и помагање на културно–забавните манифестации на демирхисарс–ките пензионери.

Со Здружението на пензионерите имаме мошне плодна, долгогодишна, интензивна и континуирана соработка, која се надевам дека ќе продолжи да се развива и во иднина. Иако, изминатата и оваа година, заради добропознатата ситуација со ковид–19, некои настани и проекти се ставени во мирување, сепак успеавме да реализираме некои заеднички проекти. Ние помагаме и активно сме вклучени во организација на нивните ревии на песни, музика и игри, организација околу одбележување на нивни значајни датуми, промоции на книги од автори – пензионери, изложби на ракотворби и слики кои се изработени и создадени исто така од членови на Здружението Д. Хисар и сите други активности во кои се вклучени пензионерите. Така неодамна, беше организирана изложба на слики во сликарска техника темпера и масло на платно на демирхисарски пензионер и изложба на фотографии, дел од проектот „Врвици низ пензионерските години“ од пензионерот Драган Стеваноски. Дека соработката е обострана говори и податокот дека игроорната група на Здружението секоја година е почесен гостин на нашиот јубилеен Годишен концерт на КУД „Илинден“ и редовен учесник на традиционалната манифестација „Велигденска фолклорна средба“ – со гордост изјавува Котевски.

– Домот на културата „Илинден“ е една од оние институции со која Здружението негува долгогодишна соработка и истата се продлабочува со нови идеи и заеднички проекти кои доаѓаат од двете страни. Како знак на благодарност, на градската библиотека која работи во склоп на Домот на културата, од сопствениот богат фонд книги им дониравме 130 наслови кои се дел од пензионерската библиотека уште од самото основање на Здружението во 1973 година, а некои се толку ретки што се испечатени само во мал број примероци – вели Блажевски.

Деновиве, Комисијата за културно–забавен живот на Здружението на пензионери заедно со раководството на Домот на културата „Илинден“ ја составуваат Програмата за работа за 2022 година и заедно ги дефинираат заедничките проекти со конкретни датуми.

**Зоран Стевановски**